На члeновите на Совет на Општина Пехчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Пехчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општина Пехчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општина Пехчево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од програма – Општинска администрација – Е0 и програма – Градоначалник – Д0 од расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор, на основа донесено решение од Градоначалникот.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на регрес за годишен одмор ги обезбедува работодавачот од ставка 427110 – Привремени вработувања, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања по претходно платена фактура од општината кон Агенцијата.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ не повеќе од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна од организаторот, му следуваат 20 % од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Износот на дневниците за службено патување во странство се исплатуваат согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на управување, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 15**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето - плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето - плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето – плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 2 и 3 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината на соодветните програми - за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација и програма – Градоначалник – Д0, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност од подставка 464990 – Разни трансфери.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 16**

Во случај на заминување на работникот во пензија, вработен во Општината и/или локалната јавна установа, му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) во програма А0-Совет на општина, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2023 година одлучува Градоначалникот на општина Пехчево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации;
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Пехчево .

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

**Член 23**

Општината и локалната јавна установа водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

**Член 24**

Буџетот на Општина Пехчево се извршува од 1 јануари до 31 декември 2023 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Пехчево”, а ќе се применува од 1 Јануари 2023 година.

Бр.08-1602/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/6
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20 и 215/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

Бр.08-1603/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/7
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и Службен весник на РСМ бр. 31/20), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на 12–тата седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2023 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2023 година се утврдува во износ од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1604/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево го донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/8
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), Советот на Општина Пехчево на 12- та седница одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО за 2023 година

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | Почеток на нова буџетска година. | | |
| **Јануари** | Општинските буџетски корисници изготвуваат годишни финансиски планови по квартали за користење на одобрените средства и ги доставуваат до општината.<br>За користење на одобрени средства во даден квартал општинските буџетските корисници доставуваат финансиски план по месеци. | *Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети* |
| **Февруари 15**<br>**Февруари 28**<br>**Февруари** | Изготвување на Годишна сметка на Буџетот на општината<br>Достава на Годишната сметка до Советот на општината.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови. | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15 Март**<br>**31 Март** | Советот на општината ја донесува Годишната сметка на Буџетот на општината.Градоначалникот ја доставува усвоената Годишна сметка до Министерството за финансии.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Април**<br>**15 Април**<br>**30 Април** | Изготвување на квартални извештаи за прв квартал од тековната година со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Министерство за финансии*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Април-Мај** | Подготвување на општински буџетски циркулар од страна на Градоначалникот со образложение за потребните средства и негова достава до општинските буџетски корисници. | *Градоначалник* | |
| **Мај**<br>**15 Мај** | Достава на финансиски планови од страна на општинските буџетски корисници за користење на вишокот на приходи од претходна година и анализа на реализацијата на приходна и расходна страна на Буџетот на општината со целда се утврди потребата одИзмени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс и истиот да биде предложен до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Општински буџетски корисници*<br>*Градоначалник*<br>*Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Јуни**<br>**15 Јуни** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за | *Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | висината на износите по позиции.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | | |
| **Јули**<br>**15 Јули**<br>**31 Јули** | Изготвување на квартални извештаи за втор квартал со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Август**<br>**15 Август** | Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог пресметки од страна на општинските буџетски корисници и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет.<br>Градоначалникот ги разгледува новите барања и предлози и по нив одлучува и дава насоки.Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **15 Септември**<br>**30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети*<br>*Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Октомври**<br>**15 Октомври** | Градоначалникот и вработените во одделенијата се состануваат за да ги одредат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната | *Градоначалник,*<br>*Раководители на одделенија*<br>*Општински буџетски* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *корисници* | |
| **Октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Октомври 20 Октомври** | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | *Раководители на одделенија, Градоначалник* | *Закон за буџети* |
| **Октомври 31 Октомври** | Изготвување квартални извештаи за трет квартал со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување. | *Совет на општина Градоначалник* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Ноември 15 Ноември** | Се донесува Планот на програми за развој и доколку има потреба Градоначалникот предлага до Советот на општината Измени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општината Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Ноември** | Се изготвува Нацрт-Буџет од страна на финансискиот оддел на општината Градоначалникот го разгледува и одобрува Нацрт-Буџетот и се објавува на WEB страната на општината<br>Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани | *Одделение за финансиски прашања Градоначалник Совет на општина Јавна расправа* | |
| **Декември 15 Декември** | Се донесуваат Годишните програми за работа на одделенијата.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Декември** | Градоначалникот го доставува конечниот | *Градоначалник* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Предлог-Буџет до Советот | | |
| **Декември** | Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | *Комисија за финансирање и буџет* | |
| **Крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар<br>- Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | *Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Пехчево за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-1605/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/9
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 3, член 11 од Законот за локална самоуиправа (Сл. весник на РМ бр.05/2002), член 2 став 2 и член 20 став 1 тарифен број 9 од Законот за комунални такси (Сл. весник на Р.М. бр. 61/04) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли за 2023 год.**

Член 1

За користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли се утврдува тарифа за комунални такси во општина Пехчево за 2023 год. и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика ...................................... 50,00 денари.
-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика ........................ 80,00 денари.
-за патнички возила од 1300 до 1500 кубика ....................... 100,00 денари.
-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика ....................... 200,00 денари.
-за патнички возила над 1800 кубика .................................. 300,00 денари.
-за товарни возила по тон носивост ..................................... 100,00 денари.
-за автопбуси и др. Возила што служат за првоз на патници ...500,00 денари.
-за специјални возила ......................................................... 50,00 денари
-за сите видови на мотоцикли ............................................. 50,00 денари.

Член 2

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возила и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1606/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/10
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 3 став 1 точка 3, член 10 став 3 и член 11 од законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год**

**Член 1**

Точката ќе се разгледува на наредна седница на совет на општина Пехчево.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ке се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1607/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/11
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 2 став 1 и 2 член 3,5,7 и 10 став 3 од Законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2023 година**

**Член 1**

Плаќањето за фирма (фирмарина), односно назив на деловна просторија на трговски друштва, Т.П.(Трговец поединец) и други правни лица од областа на производството, промет и услуги, кои вршат дејност во истата, изнесува 6.000,00 денари.

**Член 2**

За продавница и киоск, за секоја деловна единица, која е посебна од седиштето и сл. за нив таксата изнесува 2.000,00 денари.

**Член 3**

За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ од 500,00 денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1608/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/12
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево оваа одлука ќе ја разгледува на друга седница, кога за тоа ќе има потреба.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1609/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/13
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноци на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40,10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13, 21/13), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2023 год.**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште.

**Член 2**

За прва зона се зема четирнаесета зона, за втора зона се зема шеснаесета зона од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40/10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13 и 21/13)

**Член 3**

1. **Прва зона го опфаќа потегот помеѓу:** Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово - Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „Илинденска„ и ул. „Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево, западната страна на старата фабрика „Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

**2. Втора зона го опфаќа потегот помеѓу:**
Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје претставува втора зона.

**3. Трета зона**
Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство и откупен пунк ЛУПД е како трета зона.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.
**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2023 година ќе влезе во зоната како Вонцентрално градско подрачје**

**Член 4**

За пазарна вредност на градежното земјиште во прва зона се зема 550,00ден./м2, за втора зона се зема 400,00 ден/м2 и за трета зона (мало стопанство, откупен пункт и спортски центар) се зема 150,00ден за м2. Цените се дадени во денари.

**Член 5**

Доколку градежното земјиште се наоѓа во населени места каде има План за село или општ акт, се зема: с.Чифлик 200 денари за $м^2$; с.Умлена, с.Робово и с.Црник по 150 денари за $м^2$; а с.Негрево, с.Панчарево и с.Спиково по 100 денари за $м^2$.

**Член 6**

За пазарна вредност на земјоделско земјиште по $м^2$ се зема:

| ВИД НА ЗЕМЈИШТЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. НИВА И ЛИВАДА | 40 | 35 | 33 | 28 | 25 | 20 | 15 | 10 |
| 2. ОВОШНА ГРАДИНА | 45 | 40 | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 |
| 3. ПАСИШТА | 15 | 13 | 11 | 9 | 8 | 7 | 6 | 5 |
| 4. ШУМА | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 | 12 | 9 |

Отстапување од определените цени на земјоделското земјиште може да се врши од страна на Проценителите на недвижен имот во следните случаеви:

А) Зголемување но не повеќе од 50% во зависност од
- Близината на населеното место
- Поврзаност со инфраструктура

Б) Намалување но не повеќе од 50% во зависност од
- Одалеченост од населено место
- Непристапност до пат
- Големина на површина
- За шумите и овошните насади од состојбата на истите

**Член 7**

Составен дел на оваа Одлука е мапата на град Пехчево со определени зони.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1610/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2023година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2023година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/14 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 6 став 6 од Закон за комуналните такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕФИЦИТАРНИ ЗАНИМАЊА И ЗАНАЕТИ ВО ИЗУМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Општина пехчево како дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општината ги определува следниве занимања:

- Поправка на часовници и накит
- Ковач
- Лимар
- Поправка на обувки и производи од кожа
- Клучар
- Самарџија
- Грнчар

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1611/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/15
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 став 2 и член 6 став 1 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2023 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на имот во висина од 0,10% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на имот е правно и физичко лице сопственик на имот, корисник на имот, плодо уживател на имот.

**Член 3**

Наплатата на данок на имот ќе се врши на сметката на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1612/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/16
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 16 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2023 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред во висина од 2% од пазарната вредност, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 4% од пазарната вредност.

**Член 2**

Обврзникот на данок на наследство и подарок е физичко и правно лице кое наследува имот, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок во земјата и странство.

**Член 3**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорска сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1613/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/17
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 5 став 2 и член 22 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на висината на стапката на данок на промет на недвижности за 2023 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на недвижности во висина од 3% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на промет на недвижности е физичко или правно лице - продавач на недвижности, а по исклучок обврзник може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот на промет на недвижноста да го плати купувачот.

**Член 3**

Наплатата на данок на промет на недвижности ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1614/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/18 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002), член 14 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло (Сл. весник на Р.М. бр.113/2007, 144/2014, 149/2015 и 53/2016) и Правилникот за технички услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнуваат објектите за собирање и складирање на нуспроизводи од животинско потекло (Сл. Весник на РМ бр 21/2009 год), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2023 година**

**Член 1**

За потребите на општина Пехчево потребно е донесување на Одлука за изградба на објект за нештетно отстранување на животински мрши (септичка јама) и определување на локација за изградба на истата.

**Член 2**

За изградба на септичката јама се определува локација на влезот од јужната страна на градската депонија која ќе биде надвор од мрежата на истата, објектот за нештетното отстранување на животинските мрши ќе биде изградена спрема членот 14 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло и член 2 од Правилникот донесен за условите и начинот за изградба на такви објекти.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1615/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2023год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2023год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/19 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002), член 397, 187 и 192 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл.Весник на Р.М. бр. 54/07, 86/08, 64/09, 161/10, 169/2015, 226/2015 и 55/2016) и Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот член 78 став 4 (Сл. весник на РМ. 47/10) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2023 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува сообраќајно технички параметри кои треба да ги исполнуваат посебните технички и други мерки за забавување на сообраќајот, нивните технички карактеристики, местата и начинот на нивното поставување и начинот на обележување со соодветна сообраќајна сигнализација во Пехчево.

**Член 2**

Посебните сообраќајни технички средства за забавување на сообраќајот и безбедноста на пешаците ќе се поставаат на регионалните улици, согласно сообраќајниот проект со сите обележја и сигнализации што ги налага Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево..

Бр.08-1616/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/20 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год.

**Член 2**

Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1617/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПРОГРАМА**
**за работа на одделението за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина во делот на животната средина и ЛЕР на општина Пехчево за 2023 год.**

Во текот на 2023 год. Оделението за урбанизам при Општина Пехчево ги има планирано следните задачи и програми:

1. Следење на законските и подзаконските акти од областа на Данок на имот како (данок на имот, фирмарини, купопродажни договори, оставински решенија и данок на наследство и подарок.
2. Следење на законските и подзаконските акти од областа на урбанистичкото и просторното планирање и заштита на животната средина и Законот за градење.
3. Следење на состојбата во областа на урбанизамот на подрачјето на Општината покренување иницијативи и предлози за донесување или изменување на деталните урбанистички планови.
4. Прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измени на детални урбанистички планови.
5. Издавање на одобренија за градби.
6. Објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Пехчево.
7. Реализација на сите урбанистички планови и документација и издавање на целата потребна техничка документација.
8. Реализација на сите постапки околу имотно правните работи (како експропријација, узурпација и купопродажба на имоти во корис на општината)
9. Програма за изработка на урбанистички планови ДУП, ГУП, УП, УПС/УПВНМ, УП, и на подрачјето на Општина Пехчево.
10. Изградба доизградба и реконструкција на улици на подрачјето на Општина Пехчево.
11. Реконструкција и рехабилитација на улици, пешачки патеки на подрачјето на Општина Пехчево.
12. Набавка и изградба на сигнализација на подрачјето на општина Пехчево.
13. Одржување и заштита на локални патишта и улица, зимско одржување и регулирање на режимот на сообраќај на подрачјето на Општина Пехчево.
14. Изградба, реконструкција и одржување јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево.
15. Објавување на Програмата за работа во областа на располагање со градежнмо земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина Пехчево.
16. Објавување на годишната Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Пехчево.
17. Расчистување и ставање во функција на постојниот отворен базент на улица ,,Првомајска,,
18. Следење на состојбите за уредување на јавното зеленило.
19. Озеленување и поставување на урбана опрема на не уредените слободни површини.
20. Доврштување и одржување на урбана опрема и зеленило на месноста ,,Езерце,, Пехчево
21. Одржување на водопадите во месноста ,,Равна Река,,
22. Изградба, реконструкција на првиот (спиковски) водопад на туристичката населба Равна Река.
23. Одржување на речните корита на подрачјето на Општина Пехчево.
24. И други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Извори на финансирање:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање.
2. Невладини организации (здруженија на граѓани)
3. Сопствено учество.
4. Јавно претпријатие за државни патишта

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на општината и административните работници со помош на надворешни соработници.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1617/2
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 84 и 85 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 52/2013), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пехчево, (Сл. Гласник на ОП бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, донесува:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
# НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планови исклучиво ќе се одвива согласно оваа програма

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година е основ по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1. Простор кој е предмет на уредување и обем на уредување;
2. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основна И секундарната инфраструктура,
3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
4. Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите на градежното земјиште,
5. Динамика на извршување на Програмата;
6. Граници и зони во потесниот градежен реон во Пехчево.
7. Преодни и завршни одредби;

И покрај тоа што со оваа програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште., истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски сретства за нивна ургентна реализација во текот на 2023 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатена со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти , станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем во градот.

## 1. ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО 2023 год.

1.1 Уредување на градежното земјиште во 2023 година ќе се врши во градот Пехчево на подрачјето опфатено со Детален урбанистички план на градот;

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Пехчево со населбите, како и подрачјето за станбени и друга изградба одредени со Генералниот и Деталниот урбанистички планови, и измените и дополнувањата за град Пехчево, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП

Уредувањето на градежното земјиште надвор од градежниот опфат на градот Пехчево или населените места ќе се врши со донесување на Одлука на Советот на општината и согласност од надлежното Министерство, на основа на изработен Урбанистички Проект и урбанистички план вон населено место.

Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместок за уредувањето ќе се врши согласно правилнико за уредување на градежно земјиште и реалните трошоци трошоци.

1.2 Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањетио не е предвидено со Програма, го врши инвеститорот на свој сопствен трошок.

## 2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

2,1 Градежното земјиште за локацијите од точка 1.1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура (основна уреденост) на следниот начин;

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа м;
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа;
- Расчистување на имотно-правни односи
- Рушење на објекти
- Надоместок на експропријација на градежно земјиште
- Граници на зони во потесниот градежен реон
- Извори на средства за финансирање на активности околу уредување на градежно земјиште и изградба на комунална инфраструктура.

- **Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти**
  - Изградба на улици и тротоари
  - Изградба на улична водоводна мрежа во градот Пехчево и населените места, како и системи за водоснабдување во руралните подрачја,
  - Изградба на улична фекална и атмосверска канализација мрежа во град Пехчево и населените места ,како и системи за одводнување и прочистување на отпадни води во населените места во општината.
- **Урбана опрема**
- **Одводнување и прочистување на отпадни води**
- **Јавна чистота**
- **Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило**
- **Изградбха и одржување на јавно осветлување**
- **Одржување на спомен обележја**

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електрична мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување на ПТТ мрежа,што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатија што управуваат со истите.

Степенот на уреденоста на градежното земјиште се определува според обемот на опременоста на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост и ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средства (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:непречен пристап до градежната парцела, (улици со тротоар),пешачки патеки и други површини согласно урбанистики планови, подземна електрична мрежа,улично осветлување,водоводна мрежа,фекална канализација,атмосферска канализација.

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите (наведени во основниот степен) како и :
ПТТ мрежа , паркинг простор,гасоводна мрежа и пречистителна станица за отпадни води.

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа: непречен пристап до градежната парцела,сопствено водоснабдување,септичка јама,сопствен одвод на атмосферски води,нестандардно улично осветлување и надземна нестандардна електрична мрежа.

## 3 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ЗОНИ И РЕАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СЛЕДНИОТ ИЗНОС

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

| | |
|---|---|
| - геодетски работи ------------------------------------ | 20,00 ден/м2 |
| - проектирање ----------------------------------------- | 30,00 ден/м2 |
| - улица (пробиена)------------------------------------ | 350,00 ден/м2 |
| - водовод----------------------------------------------- | 200,00 ден/м2 |
| - канализација ---------------------------------------- | 200,00 ден/м2 |
| ВКУПНО------------------------------- | **800,00 ден/м2** |

3.2 За локации за повисок степен на уреденост:

| | |
|---|---|
| - геодетски работи ------------------------------------ | 20,00 ден/м2 |
| - проектирање ----------------------------------------- | 30,00 ден/м2 |
| - улица (асфалт) -------------------------------------- | 500,00 ден/м2 |
| - водовод ---------------------------------------------- | 200,00 ден/м2 |
| - канализација----------------------------------------- | 200,00 ден/м2 |
| ВКУПНО----------------------- | **950,00 ден/2** |

3.3 Надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2 (втора) зона се намалува за 15%.

За доградби надграби изградба на помошни објекти (гаражи, шупи и други објекти) надоместокот се намалува за **50%** во однос на точка 3.1 и 3.2 (160 денара од $м^2$, 190денара за $м^2$)

3.4 За поткровје со висина до 2,5 метри се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште **0.2** по коефициент во однprofessional на точка 3 (3,1 и 3,2)

3,5 За колективно становање ќе се наплаќа во однос на зоната на точките 3,1 и 3,2

1. За деловен простор (продавници, гостилници,барови, хотели и слично) надоместокот изнесува **30.000.00 ден.** надоместокот се наплаќа **по коефициент од 0,05 – 1.500 денара од $м^2$**

2. За деловен простор Г – Г1,Г2,Г3,Г4 (занаетчиски работилници, индустриски хали, погони, стопански објекти, пилани) се наплаќа по **10.000,00 денари** по метар **квадратен по коефициент од 0.05 – 500 денара од $м^2$**

3. За деловен простор метар квадратен **по 7.000,00 ден** (магацини, гаражи за механизација настрешници и други во склоп на истите) се наплаќа за **0.05** по коефициент – **350 денара од $м^2$**

4. За отворени спортски објекти, надоместокот се наплаќа **0,3** по коефициент во однос на точка 3 (3.1 и 3,2) – **240 денара по $м^2$ и 280 денара по $м^2$**

- За затворени спортски објекти се наплаќа **0,5** по коефициент во однос на точка 3 (3.1 и 3.2) – **400 деанра по м$^2$ и 475 денари по м$^2$**

5. За административни згради и канцеларии надоместокот ќе се наплаќа во однос на точка 3 (3.1 и 3.2)

6. Туристичка населба Равна Река за времено сместување ќе се пресметува по **12.000,00** ден.за викендици по коефициент од **0,05** или 600 денара по м2, за доградби надградби и помошни простории ќе се пресметува 50% од временото сместување или 300 денара по м$^2$ и за времено сместување како хотели, барови, деловни простории и др. ќе се пресметува по **22.000,00ден.** по коефициент од **0,05 или 1.100 денара по м$^2$**

**Образложение: До изградба на нов систем со пречистителна станица за отпадни води и изградба на водоводна мрежа ќе се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии) по овие цени.**

**7.** За изградба на деловни простории од групата на Г, Г1,Г,,,Г3 и Г4 ќе се ослободат сите од надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа за вработени 10 работни места ќе се ослободи 10%, за вработени 20 работни места ќе се ослободи 20% за вработени 30 работни места ќе се ослободи 30% за вработени од 40 работни места па нагоре ќе се ослободи 50%, за истото ќе се склучи посебен договор со инвеститорот за надоместокот, а до колку инвеститорот не ги исполни бараните услови спорот ќе се решава пред надлежен суд Берово.

- Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз осанова на новата корисна површина што ќе се гради, кој е збир на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација,помножени со следните коефициенти:

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти.

**1) Станбени објекти**
- станбени простории ----------------------------------............. 1,0
- станбени простории со висина до 2,50м-----------............. 0,2
- подлоѓија,затворена од две страни -----------------............. 0,3
- лоѓија затворена од три страни ---------------------............. 0,4
- балкони, тераси -----------------------------------------............. 0,2
-заедничкии проодни тераси,пасажи ................................. 0,2
-помошни простории,остава за гориво,котлара,визба.........0,3
-трафостаница до 35кв во објекти и надвор од објекти...... 0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации ................. 0,3
-стражарници,управител,простории за одмор ....................0,5
-паркиралишта и гаражи ......................................................0,1

**2) Деловни, јавни и производни објекти**
- простории ---------------------------------------------------------- 1.0
- магацини, настрешница ……..----------------------------------- 0.5
-помошни простории и остава остава за гориво,котлара.......0.3
- трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти---- 0.4
-скалишен простор и заеднички комуникации ................... 0,5
-паркиралишта и гаражи...................................................... 0,1

-лоѓија,затворена од три страни......................................... 0,5
-подлоѓијазатворена од две страни .................................... 0,4
-балкони,тераси.................................................................... 0,3
-отворен наткриен простор................................................ 0,3

**3) Други објекти**

- катна гаража--------------------------------------------------------------------. 0,05
- спортски покриени објекти ------------------------------------------------. 0,5
- спортски откриени објекти ................................................................ 0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација........1,0

-отвопрени пазаришта за 30% од површина на локација ........... 1,0
-базени ........................................................................................ 0,2
-трафостаници . над 35кв.............................................................. 1,0

**4) За објекти од групата на класи намени Г производсво,дистрибуција и сепвиси**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија ............................................0,01
-Г2 лесна индустрија ....................................................................0,01
-Г3 сервиси ........................................................................... 0,01
-Г4 стоваришта ...................................................................... 0,05

**5) За бензинска пумпи станица и нејзини придружни содржини (продавници кафетарии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории)**

- продажни простории и бензински пумпни станици .............. 1,0

-услужни простории на бензински пумпни станици ............... 1,0

**6) за објекти од групата класи на намена Б5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, и за други групи накласи на намена А4 хотел.мотел.времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.**

- сите простории ...................................................... 0,05

**7) За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица**

- сите простории ..................................................... 0,05

**8) За објекти за високо образование**

- сите простории .................................................... 0,05

**9) За објекти за културата:**

- сите простории ................................................. 0,01

10) За објекти за терцијална здравствена заштита:

- сите простории ........................................................0,05

**11) Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се преметуваат површините на :**

- инсталациони канали
- окна на лифтови
- окна на врати
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство

12. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0,01

13. За објекти за прозиводство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела 0,01

14. Надоместок за градби за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) на покрив од објеки изнесува ....... 50,00 ден/м$^2$ од површината на фотонапонските панели.

15. За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член. .......................... 8.600,00 ден./м$^2$ или 86 денара по м$^2$

16. За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година,помножена со коефициентот утврден во став(1) точка 13 од овој член........................... 5.500,00 ден./м$^2$ или 55 денара од м$^2$

## 5. ГРАНИЦИ ЗА ЗОНИ ВО ПОТЕСНИОТ ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАД ПЕХЧЕВО

Во зависнот од степенот на уреденоста на градежното земјиште, во границите утврдени со Урбанистичкиот план и ГУП на Пехчево, му ги дава на корисникот (положбата на земјиштето,сообраќајната поврзаност со центарот, снабденоста со комуналните објекти инсталации, рационалност и други околности од значење за користење на тоа земјиште), градежниот реон на Пехчево се распоредува во три (3) зони и тоа **централно градско подрачје и вон централно градско подрачје и како зона на населени места.**

### ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово – Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „ Илинденска„ и ул. „ Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „ Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „ 18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „ Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „ Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево, западната страна на старата фабрика „Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

### ВОН ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје преставува вон централно градско подрачје

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство се приклучува во зоната како вонцентрално градско подрачје.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2023 година ќе влезе во зоната како Вонцентрално градско подрачје**

## 6**. Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на кое се руши стар објект и се гради нов објект во границите на срушениот објект, инвеститорот ќе биде целосно ослободен од надоместок за уредување на градежно земјиште, а доколку ново изградениот објект ја надминува површината од срушениот објект, за разликата инвеститорот ќе плати надоместок за уредување на градежно земјиште.

6.2 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на градителите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурана мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на сретствата со кои учествувал градителот за односната мрежа, врз основа на доставен финансовски документ од изведувачот на работите, односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено, односно делумно е уредено, градителот на објекторт плаќа надоместок до висина на релните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6.3 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од оделението за урбанизам до Оделението за комунални работи кој со градителот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.4 Плаќањето на надоместок за уредување на градежното земјиште може да се изврши одеднаш целата сума или на одложено на 12 месечни рати со 10% зголемен остатокот од комуналии и уплатена прва рата од 30% за добивање на Одобрението за градење.

6.5 За пренамена на станбена во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежното земјиште за станбен простор и надоместок за деловен простор.

6.6 Во уредување на градежното земјиште учествува општината, како и субјектите кои стопанисуваат со објеките на инфраструктурата.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи, како и таксите за приклучок ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурните мрежи.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметан со вредност на еврото од 61 денар за евро. При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваа износите на надоместоците и цените на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според курсот на Народна банка РМ .

6.8 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи во парцелата (водовод, електричан мрежа, телефонска и други инсталации) паѓаат на товар на инвеститорот.

6.9 Трошоците за дислокација на потпорни зидови, дворни огради, помошни објекти, изградени без одобрение, а за потребите за реализација на Деталниот урбанистички план на Пехчево, паѓаат на товар на сопственикот на градителот на објектите, а доколку се изградени со одобрение за градба, трошоците за нивно отстранување ќе паднат на терет на општина Пехчево.

6.10 Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Пехчево.

Бр.08-1617/3<br>26.12.2022 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на чл. 17, став 1, и член 17а став 1 од Законот за просторно урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 24/08 и бр. 91/09), и чл. 6, 7, 8, 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот за графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните урбанистички планови (Сл весник на Р.М. бр. 78/06) како и чл. 30 став 1 точка 5 и 6 од Статутот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево донесува:

**ПРОГРАМА**
**За изработка на планови за Општина Пехчево за 2023 година**

## I. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Изработка на нов Генерален план за Пехчево – (Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Пехчево).

## II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на Пехчево.
2. Изработка на нов ДУП за Пехчево,
3. Изработка на план за село за с.Панчарево
4. Изработка на план за село за с.Негрево
5. Изработка на ДУП за централно градско подрачје на Пехчево

## III. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Локалитет Ченгино Кале (Караула).
2. Изработка на план вон населено место за филтер станицата или изработка на УП
3. Зимски спортско рекреативен центар Кадиица (Сигнал,Гуштерица,Буковик).
4. Програма за изработка на УП (Лимев Гроб, Грозил , Подуево, Елата и Гаѓалница)
5. Изработка на план вон населено место на ,,Керамидница,,.
6. Изработка на план вон населени места по потреба на инвеститори правни и физички лица.
7. Изработка на план вон населено место во месност Света Петка КО Чифлик
8. Изработка на планска документација по иницијатива на правни и физички лица со позитивно мислење на комисијата од урбанизам, вон населени места.

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Пехчево, од средства предвидени со Буџетот на општината, средствата предвидени во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на градот Пехчево, како и средствата од заинтересираните физички и правни лица и Министерството за транспорт и врски и од легализација на бесправни изградени објекти.

Бр.08-1617/4
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево за 2023 година**

Во текот на 2023 година ЕЛС на Пехчево има планирано да од буџетските сретсва на општина Пехчево и делот обезбеден преку финансирањето од Републичкиот Фонд за магистрални патишта – Скопје, изврши градежни и други работи на локалните патишта и улици во општина Пехчево во висина од **52.981.000,00** денари и тоа:

1. **Изградба на улици и реконструкција на локални патишта**

Реконструкција на постојниот пат с Чифлик-с Умлена-с Робово .............. 9.000.000.00 ден.
Изградба на тротоари во Пехчево .................................. 1.520.000,00 ден.
Изградба на улица 22 декември со мост..........................................................2.500.000,00 ден.
Реконструкција на пат од регионален кон с Панчарево 4.300.000,00 ден
Изградба на улици во с Робово
Изградба на улици во с. Умлена ------------------- 4.500.000,00 ден
Изградба на ул.,БР.2, во Пехчево (Поп-Анастасов Јордан.................. 800.000,00 ден.
Изградба на пешачка патека ул. „ Гоце Делчев„ Пехчево..............................1.200.000,00
Изградба на патот дел Равна Река –Ченгино Кале.................................... 1.800.000,00 ден.
Изградба на локален пат од Пехчево-филтер станица.....................................3.000.000,00 ден.
Зимско одржување на патишта и улици........................................................,.. 350.000,00 ден.
Тековно одржување на патишта и улици ....................................................... 407.000,00 ден.
Изградба на локален пат до градска депонија ................................................. 8.240.000,00 ден.
Изградбана улица од реката до турски гробишта во Црник.......................... 3.060,000,00 ден.
Изградба на улица во Панчарево присоето..................................................... 1.200.000,00 ден.
Изградба на улица во Негрево гошевска улица............................................ 504.000,00 ден.
Изградба дел на локален пат бр.12 према „Спиково„ од Конар 2км................................
Асфалтирање на улици во Пехчево 1,5км. .................................................. 9.000.000,00 ден.
Костевски Атанас до бозаната..................................................................... 600.000,00 ден.
Костовски Атанас по андако до продавницата .......................................... 300.000,00 ден.
Изградба на улица бр 1 и 2 во село Црник ............................................. 500.000,00
Реконструкција на кеј пехчевска река...........................................................
Реконструкција на мост на негревска река (црцанов мост )....................... 200.000,00 ден.

**ВКУПНО: ............................................................ 52.981.000,00**

**Извори на финансирање:**

1. Биро за недоволно развиени подрачје и странски даноци;
2. Фонд за магистрални и регионални патишта;
3. Сопствено учество;

Бр.08-1617/5
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПРОГРАМА**
**За изградба и реконструкција на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево за период 2023 год.**

**1. Водоводи**

Довршување на Таложник на филтер станица Пехчево........... 1.600.000,00 ден
Зафат и довод во с. Панчарево (трајанова маала).................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на мрежа с. Црник......................................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на системот (жтако) во филтер станица..8.000.000,00 ден.
Изградба на нов Резервоар од 700м3 после прекидната комора пред филтер станицата.
Изградба на водоводна мрежа од разделната шахта на ,,Симин Рид,, до малото стопанство ,, Чуката,, и изградба на разводна водоводна мрежа во истата локациај (Чуката)
Изградба на водоводна мрежа од прекидна комора до пат Симин Рид и до мало стопанство кај Јовевски Благој.
Промена на водоводната мрежа ф160 од прекидна комора на филтер станицата до разделната шахта.
Реконструкција на зафатот на ,, Виничка река,, во село Црник.
Промена на водоводната мрежа во село Црник од захватот на Виничка река и Чатал Чешма до Резервоар.
Модрнизација на филтер станица во Пехчево.

**Вкупно................................................................................ 16.500.000,00 ден.**

**2. Канализација**

1.1 Робово пречистителна станица ...................................... 4.000.000,00 ден.
1.2 Умлена пречистителна станица....................................... 3.500.000,00 ден.
1.3 Доизградба на пречистителна станица во Црник ........... 1.500.000,00 ден.
1.4 Спојување на пречистителната станица во малото стопанство на ,,Чуката,, со колекторот на пехчевска река.
1.5 Приклучоците од зоните во индустриската зона да се спојат со колекторот на пехчевска река.

**Вкупно.......................................................................... 15.000.000.00 ден.**

**2.1 Изградба на фонтана на Плоштад – Пехчево**
**2.2 Регулација на речно корито на Пехчевска река**
**2.3 Изградба на платфопрма над пехчевска река во центарот на Пехчево.**

**3. Проекти**

1.1. Проект за канализација с. Негрево...............................
1.2. Проект за Индустриска зона канализација Пехчево.........................
1.3. Проект за лев десен колектор Пехчево.........................
1.4. Проект за канализација во с. Панчарево.............
1.5. Проект со хидранска мрежа во Пехчево........

Извори на финансирање

1. Министерство за транспорт и врски
2. Странски донации
3. Сопствено учество

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1617/6
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр.05/2002), член 15 од Законот за комуналните такси (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15) и член 30 став 1 точка 12 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево за 2023 година**

Согласно одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на Општина Пехчево, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2023 година. Односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финасирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување на општината.

Финасирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирање со Законот за комуналнте такси (Сл. весник на РМ. Бр. 61/04, 64/05, 92/07), според кој за користење и одржување на јвното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домачинства и 50 киловат час за трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ,,ЕВН Македонија,, КЕЦ Делчево и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево.

Бројот на иметелите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошачи и потрошачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Моментално на територијата на Општина Пехчево има регистрирано _____ броила, од кои ___ домаќинства и ___ трговски друштва. Мрежата за јавно осветлување се напојува од 35 трафостаница во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовно одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Равна река - електификација
- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијачно место
- Набавка и уградување на надземен кабел за проширување на мрежата
- Санирање и осветлување на кејот на пехчевска река.
- Поставување на нови столбови на улици (замена на дотраени и проширување намрежата за улично осветлување со нови арматури во Пехчево и населените места)

Во програмата за јавно осветлување за 2023 година се предвидува _______ денари сопствени сретства од кои за:

Јавно осветлување:

За тековната потрошувачка електрична енергија ---------- ден.

Изградба и санирање на јавно осветлување:

| | |
|---|---|
| За одржување на инсталација .......................... | ден. |
| Поставување на нови столбови на улици ....... | ден. |
| Доизградба на електрична мрежа во населбите...... | ден. |
| Набавка и опрема за одржување ................. | ден. |
| Барање согласност за приклучување како потрошачи... | ден. |
| Вкупно......................................................... | ден. |

Во текот на 2023 година во Пехчево и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштита на електричната енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увид за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржување на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напосни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде ,,ЕВН Македонија,, Кец Делчево. Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручно лице ангажирано во Општина Пехчево.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамиката на наменското користење на средствата ќе врши оделението за комунални работи и заштита наживотната средина.

Постепено заменивање на старите улични светилки со нови штедливи светилки.

1. Осветлување на Млекара Робово

Извори на финансирање:

2. Средстваа од граѓани за улично осветлување.
3. Сопствени средства.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-1617/7
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/21
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16 и 142/16) и член 30 точка 7 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година, е во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила 8 дена по донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1618/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на Република Македонија „ бр. 17/11, 53/11, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.03/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РСМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

### ВОВЕД

***Општ дел***

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл. весник на Република Македонија бр.59/2013 година), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, домашни и странски правни и физички лица.

Сопствеността на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува: право на градење на земјиштето, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште. Одлуката за стекнување на сопственост на градежното земјиште во атарот на Општина Пехчево, донесува Советот на Општина Пехчево.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија. Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес и го врши општината.

Градежното земјиште може да биде изградно и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на грдежната парцела.

Уредно градежно земјиште е земјиштето опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план и урбанистичка планска документација.

На територијата на Општина Пехчево, се стационирани седум населени места, Чифлик, Умлена, Негрево, Црник, Панчарев, Робово и Спиково и седиштето на општината Пехчево. Населените места Чифлик, Умлена, Црник, Панчарево и Робово се покриени со Урбанистичка документација за село, на претходно изработена УДНМ, а за населеното место Негрево постои само Општ акт за населено место, по кои согласно законските прописи се издава документација за градба, додека за населеното место Спиково не е донесена соодветна документација.

За градот Пехчево на сила е Генералниот урбанистички план од 1999 година и Детален Урбанистички план донесен во 1986 година. Во досегашниот период направени се парцијални измени и дополнувања на ДУП на Пехчево, како и поединечни измени со Архитектонско – Урбанистички проекти, во согласност со законските можности за измена на планот. Со Локална урбанистичка планска документација извршена е урбанизација на КП 2/7 со намена за откупно дистрибутивен центар за земјоделски производи.

За туристичката населба „Равна Река„ во атарот на Пехчево изработен е Генерален урбанистички план вон населено место од 2001 година , и донесен е Урбанистички план вон населено место за населбата во 2013 година. Локалитетот кој е предмет на изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место се изработува врз основа на постојниот Урбанистичкиот план вон населено место, донесен и усвоен со Одлука од Локалната самоуправа при општина Пехчево, заведена под бр. 07–1426/1 од 06.09.2013 год., а врз основа на издадената Согласност од Министерството за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот – Скопје, заведена под бр. 15-7491/2 од 30.07.2013 год., со тоа се створени условите за отуѓување на градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, кое се наоѓа во опфатот на оваа туристичка населба, а во функција на развојот на туризмот.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една или од повеќе катастерски парцели.

Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а преставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности, а објект од времен карактер е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, поставен до реализација на урбанистички план или урбанистичка планска документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Линиски инфраструктурен објект е јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод, продуктовод, топловод, водовод , канализација, телекомуникациски водови и други објекти, кои можат да бидат подземни или надземни и преставуваат градби од јавен интерес утврдени со закон.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), да се даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

***Просторен опфат и предмет на Програмата***

Предмет на Програмата е менаџирање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Пехчево, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарската 2017 година.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп на градежното земјиште, изработена е мапа на општината со локации на државното градежно земјиште.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои се издава одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следниве населени места и локалитети:

1. Пехчево;

2. Чифлик;

3. Умлена;

4. Робово;

5. Негрево;

6. Панчарево;

7. Црник;

8. Локалитет ,,Равна Река,,;

9. УП на повеќе локалитети, за туристички и производни комплекси;

- Населените места  - Панчарево  со усвоена Урбанистичка документација за село на претходно изготвена УДНМ;
- Населеното место – Негрево, со донесен Општ акт за населено место;
- Населено место-Чифлик, Робово, Умлена , Црник и Соиково соУПС (урбанистички проект за село )
- За градот Пехчево на сила е Генералниот урбанистички план од 1999 година и Детален урбанистички план донесен во 1986;

- Урбанистички план вон населено место за туристичката населба ”Равна Река” во 2013 година;
- Локална Урбанистичка Планска Документација – ЛУПД, на повеќе места во опфатот на Општината, каде со овој начин на урбанизација, се влезени и делови од околно државно земјиште, изработени за повеќе туристичко стопански комплекси, како и комплекси за производствени дејности.

***Основи за изработка на програмата***

***Законски основ***

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011 од 11.02.2011).

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Туристичко акционо планирање (ТАП)** за општините Берово, Пехчево и Делчево, односно за регионот Малеш – Пијанец, за плански период од 2008 до 2017 година со главна цел: Развој на регионален плански туризам заснован од Визијата за туризмот: „Регионот Малеш – Пијанец – препознатлива чиста еколошка средина, со природни реткости, развиена туристичка инфраструктура со разновидна туристичка понуда и традиционална храна„.
- **Програма за промоција и маркетинг на микро – регион Малеш – Пијанец (општини Пехчево, Берово и Делчево)**
- **Локален Акционен План за вработување (ЛАПВ) за општините Пехчево и Берово**
- **Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Пехчево 2011 - 2015**
- **ЛАП РОМ - Локален Акционен План за Ромите 2005-2015**
- **Стратегија за рурален развој на општина Пехчево 2011-2015**
- **Стратегија за развој и унапредување на туризмот во општина Пехчево 2005-2015**
- **Генерален урбанистички план** на Пехчево донесен со Одлука бр.0701-85/1од 08.12.1999 година;
- **Детален урбанистички план на Пехчево,** донесен со Одлука бр. 08-800/1 од 26.03.1986 година.
- **Урбанистички планови за населените места и тоа:** Урбанистичка документација за селата: Чифлик, Робово, Умлена, Панчарево, Црник и Општ акт за населено место село Негрево.
- **Урбанистички план вон населено место за туристичката населба „Равна Река„ - Пехчево,** донесен со Одлука бр.07-1742/1 од 06.09.2013 година.

***Лица вклучени во изработка на Програмата***

**1. Николчо Станоевски** – Дипломиран Градежен инзенер, советник во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Раководител на проектнито тим за изработка на Програмата;

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2022 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/25
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2022 година бр. 01-86/2 од 01.12.2022, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1622/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА„ЈАНЕ САНДАНСКИ’’**
**ПЕХЧЕВО**

ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Македонија
Tel/fex ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

Извештај за 2022 год

Во месец јануари во организација на домот на културата се одржа саем на книги „Сакам Книги‘‘.во просториите горе.Иако времето беше -15 настанот се одржа со голема посетеност од страна на нашата читачка публика.
Се купуваа по 3 до 7 книги.Можеше да се види задоволство на лицата на присутните ,имаше позитивни коментари за идејата да ги поканиме во нашиот град издавачката кука „Сакам Книги.Имаше публика и од помладите и повозрасната популација.
Целта ни беше да направиме една поинаква активност ,саем на многу книги на едно место.Да можат публиката слободно да си изберат по нивен избор и со намалени новогодишни цени да си ја збогатат домашната библиотека.
Имаше околу 150 нови наслови.Присутните гости беа презадоволни,и разговаравме да има повеке такви саеми во годината.
На саемот присуствуваа околу 100 луге.
Присутните лица од Сакам Книги беа презадоволни од гостите и пречекот на домакините.

Во месец февруари напишавме објава за прием на нови и стари членови при КУД„Јане сандански‘‘Пехчево .Кореораф е Методи Скендерски од Берово кој ке работи со мала и голема група.
Од 08.02.2022 год почнавме со редовна играорна на мала и голема група.
Не радува тоа што се приклучија повеке нови членови од машката популација ,бидејки имавме недостиг од машки членови при културно уметничкото друштво.
Целта ни е да ја продолжиме традицијата,културата кај најмалите деца ,континуирано работејки преку целата година.
Преку ора и песни ,дружење ,да развиваме другарство,одговорност,
социјализација помегу децата,со играње да го развиваме на телото и духот .

Куд„Јане Сандански‘‘Пехчево го претставува нашиот град на на разни свечености и манифестаци во градот ,па и надвор од нашата земја.Има освоено многу пофалници,награди ,дипломи.

Во месец февруари на 09.02.2022 год имавме два настани.

Во организација на Домот на културата „Јане Сандански‘‘Пехчево го посетивме историско -етнолошки музеј на град Берово.Во соработка со ООУ„Ванчо Китанов учениците од VI а одд.придружувани со наставничките Јулија Велковска и Магдалена Симовска бевме во посета на музејот и библиотеката.
Од страна на Васко Андов вработен во музејот ни беа претставени историските поставки која започнува со збирка на монети.Пронајдени се и грнчарски предмети.Музејот поседува колекција на лични работи на Дедо Иљо Малешевски,
престол на владиките од манастир архангел Михаил,традиционална малешевска соба.Гледајки ги веселите детски лица,сватившме дека денес ја постигнавме целта на посетата.И децата и наставничките беа за прв пат во музејот.Децата се здобија со едно ново искуство,нови знаења.се запознаа со постанокот на музејот,борците од малешевијата,старите вредни работи кои се одраз на една култура и традиција.

Вториот настан се одржа во библиотеката при ДК„Димитар Беровски‘‘
По повод 150 год. рагањето на Гоце Делчев ја посетивме библиотеката и од страна на наши ученици од Пехчево се прочитаа неколку песни за Гоце Делчев.
Од страна на вработената во библиотеката Тања Шенковска ни беше објаснето за начинот на работа во нивната библиотека, ,фонд на книги,колку членови има зачленето„посетеност од стана на читатели.Учениците ја разгледаа библиотеката ,имаше повеке канцеларии со нови и стар фонд на книги.Децата се стекнаа со нови идеи,нови погледи ,нови наслови на богат книжевен фонд,ги споредија разликите на работа во разни библиотеки,

Читање на песни за Гоце Делчев,за 150 год од неговото рагање.

Во библиотеката присуствуваа ученици од VIа од Пехчево,Робово и Умлена.со наставничката Магдалена Симовска.

Во месец февруари на 14.02 2022 год.прославивме два празника во едно.
Св Трифун ден на лозарите кој го слават возрасните,и Св Валентин,ден на вљубените кој го слават младите.
Денес се закројуваат овошките за да дадат повеке род.Постарите велат во виното е вистината ,а без вистина нема ни љубов.Денес 17 ученици од ООУ„Ванчо Китанов под менторство на наставничката ЈУлија Велковска читаа литературни творби по повод празниците.

Два празника два настана.

Од страна на директорката на сите учесници им беа доделени пофалници,и скромни подароци, срце ,дадени од срце.

Другиот настан беше одржан во кафе бар Ким ,виното со заменивме со кафе разговор во знакот на љубовта,пишување на љубовни пораки ,од страна на учениците од средното образование„ Ацо Русковски‘‘ Берово.

16.02.2022 год е одобрен проектот од министерството за култура Работа со КУД„Јане Сандански’’ Пехчево со 50.274 ден

По повод 8 март на 28.02.2022 год во организација на ОУДК„Јане Сандански‘‘распишавме ликовен и поетско пишан конкурс во соработка со учениците од ООУ„Ванчо Китанов и децата и воспитувачките од ЈОУДГ„7 Септември’’.

Конкурсот траеше до 6.03.2022 год.Се пријавија 28 деца со свои ликовни творби ,и 12 деца со литературни творби.

По повод празникот на жената 8 март на 9.03 .(среда) организиравме изложба за посетителите и децата .Имаше одолу 40 деца и 15 возрасна публика.
Пред нив се прочитаа песни и раскази за мајката .Од страна на директорот на домот на крајот им се доделија дипломи и пофалници за постигнатиот труд.
Идејата ни беше децата креативно да се изразат ,да ја покажат љубовта кон мајката со цртање и пишување на песни ,да се дружиме ,и натпреваруваме.Целта беше постигната.

Изложба „Ретроспектива 2003-2009 год на ликовни колонии'' Берово
Преставена е Малешевската природна убавина ,старата градска архитектура,од
Македонски ликовни уметници кои се претставија со 18 уметнички ликовни дела.
Изложбата траеше 10 дена

Имаше околу 60 посетители кои неколку дена ја посетуваа изложбата.
Присутни беа лица од образование,Општина Пехчево ,грагани од нашиот град кои секогаш се наши редовни подржувачи на секој наш настан.

Во посета беа деца, уценици од основното и средното образование,кои беа во посета со своите наставници.

На 28.03.2022 год(сабота) со ракотворци од Пехчево бевме во Пробиштип на настан„Зелникот на баба''.Со свои етно производи се претставија наши сограгани
Фроска Каракутовска,Димитар Симовски и Агница Мишевска.Имаше 10 тезги од цела држава ,разменивме мислења,соработка со други градови со цел да дојдат и кај нас да ја збогатат нашата манифестација за време на фестивал на градот 13 јули.Имаше над 150 зелници,програма збогатена со музички групи.

Од страна на Општина Пехчево бевме канети за снимање на емисијата Везилка во Скопје на Алфа Тв.
Со нашите членови при КУД „Јане Сандански''Пехчево на 7.04.2022 год присуствувавме и бевме снимани во емисијата со што дадовме придонес да го рекламираме нашиот град ,да покажеме дека знаеме да ја негуваме културата ,традицијата ,фолклорот.

По повод велигденските празници домот на културата организираше Велигдеска работилница на која учество земаа ученици од ООУ„ Ванчо Китанов ''Пехчево.
Децата ги изработуваа своите велигденски јајца на лице место со материјал со кој сакаа сами по желба.Имаше 18 учесници и една гостинка учесник од Софија.
Прво место освои Бојана Гузелова и награда од 1500 ден
Второ место освои Анастасија Вучкова 1000 ден
Трето место Јана Тодоровска 500 ден.
Трите наградени добија дипломи од страна на директорот на домот ,а другите пофалници ,и најдобрите од нив рамки за слики.

Традиционален Велигденски концерт кој се одржа на 04.05.2022 год.Учество освен КУД„Јане Сандански''Пехчево со музичкиот соработник Александар Парасков ,земаа и деца учесници под менторство на музичкиот педагог Драган Колевски.
Чест и задоволство ни беше што наши гости беа Народниот оркестар при ДМУЦ„Сергеј Михајлов'' од Штип во класата на професорИлија Ќосевски .
Учество земаа 13 ученици кои свиреа и пееја традиционални македонски песни .

Во Домот на културата „Јане Сандански'' Пехчево се одржуваат проби на групата „Малешевска Китка ''која постои веке 9 год и брои 14 члена .

Редовно настапува на многу концерти,фестивали,пензионерски средби,учествува традиционално на фестивал на градот Павловден и на многу други настани и манифестции во земјата и странство.На 10.05.2022 год ке учествуваат на Музичка ревија на Источниот регион во Берово.На ревијата учествуваа 6 града: Виница ,Делчево ,Пехчево,Македонска Каменица,Берово и Кочани.
Браво за сите учесници на ревијата,браво за Малешевска китка која постои 9 год и во соработка со домот на културата ,,Јане Сандански''Пехчево ја негува традицијата и културата на нашата земја.

На 11.05 2022 год.во организација на ОУДК,,Јане Сандански''Пехчево беше отворена изложба,, Ретроспективна изложба Цвеке''на Дом за деца и млади Благој Мучето Струмица.Претставени беа 14 ликовни дела од ученици од основните училипта во Р.Македонија.На отварањето на изложбата се одржа едукативен час од страна на директорката на домот за деца и млади Светлана Мазгаловска Вучетиќ.Изложбата траеше 10 дена ,беше посетени од професори и ученици од основното и средното училиште во градот.Од страна на сите присутни професори се одржаа едукативни часови ,со нивните ученици.Целта на изложбата беше да учениците се запознаат со техниката на работа сув пастел(креди во боја)беа поставени многу прашања и добиени многу одговори,дружење ,едукација ,размена на искуства ,идеи

Изложбата беше посетена од од професори и ученици кои беа во посета на едукативниот центар Негрево,гости од Скопје,Турција и Полска во рамки на Еразмус програмаи потоа на наша покана дојдоа и ја разгледаа изложбата во домот и беа воодушевени од талентот и возраста на на учениците кои ги изработија овие 14 ликовни дела

На Изложбата беа присутни и директорката од градинката 7 септември со гости од проектот ЕРАЗМУС Турција ,Литванија Естонија ,кои се воодушевија од изработките на учениците на ликовните дела.Од страна на директорката на домот им беа презентирани и наши дела од наши ученици и беа запознати со работата ,културните манифестации,фолклорот во нашиот град Пехчево.
На 14.05.во кино салата присуствуваше магионичар Сашко од Струмица
На 20.05.2022 год .бевме поканети на Светски ден на плелата во Е.Ц.Негрево каде нашите КУД,,Јане Сандански''Пехчево се претставија пред поголем број публика Министерот на Словенија во Македонија ,Министер за земјоделство и овоштарство, градоначалникот на Пехчево,на Берово, повеке гости и претставници од градот.
На 27.05.2022 год имавме покана да учествуваме на,, РЕЃИОНАЛНИ ДЕТСКИ СРЕДБИ ЦВЕЌЕ 2022 год '' Директорката на домот на културата со две ученички од ООУ,,Ванчо Китанов'' Пехчево учествуваше за прв пат на Реѓионалните детски средби цвеќе 2022 год во Дом за деца и млади Благој Мучето Струмица.
Учество земаа 25 групи од повеке градови на нашата земја.за сите дец учесници имаше скромни подароци,а беа избрани и три први,три втори,три трети ,и 2 посебни награди.
Целта за средбите беше постигната,многу деца ,многу контакти ,нови искуства и техники во изработување на цртежите,со кои се запознаа нашите учесници.

Детска театарска претстава Златна рипка .Се одржаа две театарски претстави во домот на културата во соработка со ООУ,,Ванчо Китанов''Пехчево и детската градинка ' Септември. Поучна едукативна претстава за сите дечиња.

Цела недела во домот на култрурата се одржуваат проби за завршна манифестација на училиштето.Во соработка со училиштето и наставниците ,дадена им е на располагање целокупниот инвентар за одржување на проби.

Учество на наши деца од КУД,,Јане Сандански''во завршна манифестација при ООУ,,Ванчо Китанов'' Пехчево .

Проби со нови кореографии по повод празникот Павловден.нашите иограорци ке учествуваа на 13.07.2022 год .на плоштадот Св Петар и Павле.

Ке играме со мала и голема група .Децата ја негуваат и продолжуваат традицијата ,фолклорот.Интересот кај децата е голем за запишување во Куд „Јане Сандански'' Пехчево.

Од 13-16.07.2021 год се одржа фестивал на дувачки оркестри Пехчево 2022 год.
На него учествуваа КУД„Јане Сандански''Пехчево како домакини на фестивалот со своја програма од страна на мала и голема играорна група.Имаше културно уметнички друштва од целата земја,со што го збогатија фестивалот.
Од страна на Општина Пехчево и домот на културата беше распишан оглас за прибирање на стари слики од Пехчево,и истите беа доставени до Општина Пехчево ,од страна на граганите.Стари 30 фотографии беа избрани,испечатени и на денот на дувачките оркестри на паноа беа поставени пред публиката пред домот на културата„Јане Сандански''Пехчево.Овие стари фотографии од Пехчево и селата го покажаа старите градби во Пехчево,начинот на живеење некогаш и сега.Старите фотографии оставиле белег на едно постоење на наши сограгани кои веке не се мегу нас,кои придонесле за развој на Општината.
Изложбата стари слики Пехчево беше поставена во просториите на домот на културата и можеше да биде разгледана од наши грагани.

Туристи од Скопје кои беа во посета на нашиот град Пехчево,ја посетија изложбата во домот на културата,црквата Св Петар и Павле и Водопадите.Беа воодушевени од гостопримството и од убавините на природата..

Учество на Владимирски Илинденски Средби 31.07.2022 годИгравме со КУД„Јане Сандански ''22 играорки од големата група.кореограф Кристијан Трајановски од Делчево.

08.08.2022 год ГОЛАЧКИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ .Бевме поканети и земавме учество со нашето КУД„Јане Сандански''Пехчево.Размена на искуство ,нови контакти средби со повеке фолклорни групи.Од страна на градоначалникот на Делчево и директорот беа доделени благодарници за учество.

Форест Фест 2022 Негрево Учество на КУД„Јане Сандански''Пехчево.18.08.2022 год

Бугарија 27-28 Брезница Р.Бугарија.Учество на четврти фолклорни патеки размена на искуства ,средби ,нови познанства ширење на фолклор и традиција мегународна соработка.
Промоција на книга Шепотот на вистината од Елена Николова 14.год девојче од Кратово чии корени потекнуваат од Пехчево.Гордост и чест ние што направивме една ваква промоција во која учествуаа 8 млади презентери,група музиочари од Кратово ,полна сала задововни лица ,позитивни коментари..
Ослободување нас градот Пехчево,положување на свежо цвеке од страна на делегации.Горди сме бидејки од страна на советот на градоначалникот и Општина Пехчево нашето КУД„Јане Сандански''доби благодарница .
Посета на музеј Пела во Грција ,Јаница ,Едеса.Разговор за соработка и размена ,мегусебна соработка со културни друштва.
На 26.09. распишавме Културен хепенинг во играње шах и табла .Пријавените кандидатки беа поделени во групи во зависност од возраста.Развивање на колективен дух,дружење ,забава, рекреација.
На 17 октомври во организација на домот е рапишан есенски ликовен хепенинг кој ке се одржи на терасата на домот на културата.Децата учесници со разни техники ке можат ликовно да ги изразат боите на есента.Учествуваа повеке ученици од Основното улилиште Ванчо Китанов Пехчево . На крајот од страна на директорката на сите учесници им беа доделени благодарници за уќеството.Учествуваа ученици од V одд. Од ООУ„Ванчо Китанов ''со нивната менторка Оливера Кратевска .
Беше избран најубав цртеж,на Викторија Чабуковска.

Осма самостојна изложба на Драган Кузманоски од Скопје.Посетеноста беше голема ,која броеше околу 150 посетители.Присутни беа делегација од Општина Пехчево со советникот и градоначалникот на О.Пехчево.Ученици и наставници од ООУ„Ванчо Китанов''со нивните наставници,директори на институции,пензионери.Изложбата траеше од 14.11 до 21.11.2022 год.

Реновирање во месец октомври ноември на ходникот пред влезот на кино салата.Мажење на зид со лепак,ставање мрежа и абрид -цена 62.000 ден.

ОУДК„Јане Сандански''Пехчево месец ноември конкурираvме со два проекти во министерство за култура на Р.С.Македонија за 2023 год и тоа:
1. проект-„ Работа со КУД Јане Сандански'' Пехчево
2. проект -„Работа со пензионерски хор Малешевска китка ''
Резултатот од одобрени проекти од страна на министерството за култура излегува во месец февруари 2023 год.
На 14.11.2022 год. од 18 чес ке се одржи премиера на филмот КАЈМАК од Милчо Манчевски.
Продадени беа 57 карти по 100 ден од кои 50 % на прикажувачот, 50 % на дистрибутерот на филмот.
Околу новогодишните празници ке имаме театар за деца .
По повод новогодишните празници ке имаме концерт со КУД„Јане Сандански''Пехчево и учество на пензионерскиот хор Малешевска китка,кој ке се одржи на крајот на месец декември.
Од страна на домот на културата ке и бидат доделени пакетчиња на сите деца учесници на концертот на кој ке им ги додели дедо мраз.

ОУДК„Јане Сандански''Пехчево
Директор
Валентина Веселинска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/26 Градоначалник на
26.12.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2023 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2023 година бр. 01-86/3 од 01.12.2022, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1623/1 Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

**Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 год**
**-Вовед**

**Лична карта на домот**

Градот Пехчево се наоѓа на источниот дел на Република Северна Македонија на надморска височина од над 1000 метри.
Домот на културата „Јане Сандански„ се наоѓа во центарот на градот.
Постои од 17.03.1975 год.и како центар на културата тука се случувале сите културни збиднувања од нашиот град.Нашиот град Пехчево секогаш имал богата културна традиција која до ден денес се негува и успешно реализира.
Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево е единствена институција од областа на културата и главен двигател на сите случувања од областа на културано забавниот живот во Општина Пехчево.
Работата на Домот на културата се базира врз база на проекти и програми подржани од Министерството за култура,од активности реализирани од страна на Домот на културата ,од активности и соработка со Општината и другите институциии во градот,и пошироко.
Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево од 1.07.2005 год.според законот за култура (службен весник на Р Северна Македонија има статус на локална установа.
Токму затоа сите активности кои се реализираат се во непосредна корелација со Општина Пехчево.Да се следат новите трендови на културата во модерниот свет, духот на новото време кои се реална потреба на населението,притоа да се опфтати зачувувањето на идентитетот на македонската култура и традиција претставува предизвик за секој културен работник.
Ова претставува потреба од менаџирање на веке постоечките материјални капацитети на Домот на културата со нивно целосно ставање во функција на културните потреби на локалното население.
Со голема флексибилност во искористување на овие капацитети може да се постигне многу на културен план ,и да се подигне нивото на културната свест кај народот.
Домот на културата е институција од отворен тип,отворена за соработка со сите институции од областа на културата ,образованието и науката,НВО секторот и сите оние кои се подготвени за соработка.
Во склоп на домот на културата постои културно уметничко друштво „Јане Сандански„Пехчево кое брои околу 50 члена.
Во текот на целата година ке имаме многу активности,манифестација по повод Верските празници,Божик,Велигден,Павлов ден,Нова Година ,покануваме повеке театарски претстави за деца и возрасни,изложби на ликовни дела, кино проекција на филм„Ослободување на градот ,Малешевско Пијанечка свадба и многу други активности кои ке бидат понудени на домот ке ги прифатиме и реализираме.

Се изведувааат театарски претстави од деца ученици од нашето основно училиште„Ванчо Китанов„ Пехчево,Претстави изведени од деца од градинката „Седми Септември,
Соработката со овие институции е взаемна бидејки тие ,и ние како дом на културата не можеме сами да функционираме,туку со заедничка соработка и труд можеме да го оствариме се она што ни е замислено ,се со една цел подигнување на културното ниво, моралот кај нашите граѓани кои можат само да се гордеат со успесите кои ги оствaруваме секако во соработка со сите граѓани во нашиот град. Огранизираме изложби од реномирани ликовни уметници,организираме ликовен хепенинг во природа ,културен хепенинг во играње шах и табла,и ред други активности во зависност од финансиите и од желбата на учесниците .
Имаме соработка со други културни уметнички друштва од нашата земја ,па и од странство ,која покана ке ја искористиме во зависност од можноста на финансиските средства.
Во својата досегашна работа ,домот на културата има добиено многу награди,пофалници за учество на фестивали во нашата земја ,па и во странство.

**-Услови за работа материјално технички**

Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево е лоциран во центарот на градот Пехчево на ул.„Маршал Тито бр.1.
Работата на домот на културата се одвива во еден објект,и тоа
а) зграда со вкупна површина од 540 м2 во која има канцеларија за директор со тераса ,помошна канцеларија ,зелена соба за преслекување на играорците ,гардероба,кои се наоѓаат на спратот горе.
Потоа има кино сала во која се одржуваат манифестациите,која е реновирана 2005 год.со црвени столици и е во добра состојба.
Вкупно можат да се соберат 180 луѓе.
Во зградата на првиот спрат се наоѓа матична библиотека „Кочо Рацин„која е посебно од домот на културата.Во близина на домот се наоѓа маркет Кит Го ,плоштад Св Петар и Павле,и ресторант.
2009.год.беше реконструиран покривот на домот 2010 год сменет прозорец на помошната канцеларија и ставен ламинат на истата,доле во влевот се излепени плочки и сменета врата ,купени звучници за потреби на домот и мн други неопходни работи направени кои се неопходни за успешно извршување на работните задачи.2019 е извршена реконструкција на еден

зид во кино салата,2020 реконструкција на друг зид во кино салата.Извршена е замена на 2 алуминиски врати ,горе на спрат ,влез во канцеларија и влез во кино сала.2021 год е извршено порамнување на балконот во кино салата со дрвени плотни и ставено е ламинат.2022 год ходникот пред влезот на кино салата е реконструиран и премажан со лепак,мрежа и абрид.

**-Расположиви ресурси во домот**

Материјално технички ресурси

**Опрема**

| ОУДК„Јане Сандански„ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просторија која се користи како | Канцеларија | Помошна канцеларија | Гардероба | Зелена соба | Кино сала | Тера са |
| Опременост со аудио визуелни и технички средства | Кино сала прожектор | звучници | печатач | двд | Компј Утер Лап топ | LCD |
| Носии женски и машки | 24 | | | | | |
| опинци | 15 | | | | | |

**Простор**
Просторните услови во домот на културата се добри одговараат на потребите на домот.
Во кино салата се одржуваат театарски претстави,манифестации,салата е акустична со 180 седишта и ги задоволува потребите на домот.
Располагаме со канцелариски простор,кино сала за одржување на манифестации и прожектор кој не е во употреба.

**2.Финансиски ресурси**

Од аспект на финансиски ресурси ,покрај средства што добиваме од културата преку државниот буџет,и од разни проекти имаме помош и од локалната самоуправа,спонзорства од бизнисмени,од закуп ,организирање на театри,откуп и продажба на слики од ликовна колонија и др.

**3.Човечки ресурси**

3.1 Вработени

| Ред.бр | Име и презиме | пол | возраст | стаж | Стручна подготовка | Работно место | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Веселинска | ж | 57 | 24 | Високо образование | директор | |
| 2. | Љупчо Павловски | м | 47 | 20 | ссс | Домар хигиеничар | |

**4.Ресурси во опкружување**

Во непосредна близина се наоѓа Матична библиотека „Кочо Рацин„црква „Св Петар и Павле„ супер Кит Го ,кафич,а во пошироката околина Општина Пехчево,Здравствен дом, Стопанска банка,ОО.У„.Ванчо Китанов‘‘, детската градинка „Седми септември„

**-Културни и образовни установи**

Општинска установа Дом на култура „Јане Сандански„Пехчево ,Основно Училиште„Ванчо Китанов„градинка „Седми Септември„со кои установи во корелација и соработка успешно ги реализираме сите активности предвидени во годината,се со цел да се доближиме до децата и граѓаните на Пехчево и да им овозможиме издигнување на културно и образовно ниво.

**-Невладини организации**

Еколошко друштво,ОЖП Пехчево, Здружение на Пензионери Пехчево, Здружение на роми.

**-Професионални здруженија**

Здружение на земјоделци, здружение на занаетчии, Стопанственици Здружение на пензионери, Здружение на пензионери.

**-Трговски друштва**

Мали претпријатија,срени претпријатија ,Ад

**-Медиуми**

Медиумската покриеност на нашата територија нема, по потреба повикуваме медиуми од Делчево и Берово или ангажираме лице за снимање и сликање од страна, доколку не сме во можност за тоа се снаогаме сами, за сликање и снимање.

**МИСИЈА**

***Создаваме културна навика и љубов кон уметноста ,традицијата фолклорот.***

**МОТО**

***Гледај ,Учествувај,твори ,играј ,пеј и сето тоа ке ти овозможи културно издигнување.***

**ВИЗИЈА**

***Сакаме кај децата да го издигнеме културното ниво,да ги откриеме нивните таленти,да им ја пренесеме љубовта кон Етно музиката,фолклорот,љубов кон танцот и орото ,љубов кон старите носии кои го претставуваат нашиот крај ,чување на музејското богатство и одржување.***

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДОМОТ Н А КУЛТУРАТА**

| Орган на раководење |
|---|
| Директор |

| Орган на управување |
|---|
| Управен одбор<br>Брои 5 члена-1 од домот<br>1 од локалната самоуправа<br>3 истакнати уметници |

**Организација на работата на домот**

Во текот на целата година организацијата на Домот на културата „Јане Сандански„се состои од постојана организирање на културно уметничка програма по повод православните празници,( Велигден, Божиќ ), Одбележување на 8 Март „Денот на жената‘‘, културен хепенинг во играње шах и табла, одржување на јавни трибинина невладини и владини организации, организирање на манифестации од ОО.У.„Ванчо Китанов‘‘ и детската градинка „Седми септември‘‘- Пехчево во соработка со домот мултимедијални претстави, театарски претстави за деца и возрасни, промоција на книги, културен и ликовен хепенинг, пантомима и акробација, театар за деца и возрасни, промоција на книга,изложби на реномирани уметници, учество на „Етно саем‘‘ во организација на Општина Пехчево, редовно ги подржуваме сите манифестации организирани од Општината со дечиња облечени во носија кои држат погача за дочек на гости, редовно распишуваме

ликовни и литературни конкурси на резлични теми а со цел одбележување на некој значаен датум, програма по повод светскиот ден на Ромите, изложби, манифестација по повод ОЖП, хор на деца при домот на културата, културно уметничко друштво кое постои повеке години со чија помош ја претставуваме нашата земја, фолклорот традицијта , внатре и надвор од нашата земја. Организација на фестивал Распеано малешевче кое финансиски подржано од министерството за култура се одржа четири пати до сега и претставува гордост на нашиот град. Одржување на Малешевска Пијанечка свадба во функција на туристичка понуда на регионот во која како партнери се појавуваме и ние со КУД„Јане Сандански„ и ред други активности кои во текот на годината ке ги реализираме, во зависност од потребите и условите предложени од разни граѓански асоцијации .

**Годишна програма на домот на културата за 2023 год.**

**Новогодишен и Божикен концерт, Староградски песни , хор пензионери Малешевска Китка.**
Учество на КУД„Јане сандански''Пехчево,учество на гости од Делчево ,ученици од ООУ„Ванчо Китанов ''Целта е да се негува фолклорот,традицијата во Малешевско Пијанечкиот крај.Нови ора ,нови кореографии.

Почнуваме со упис на членови при КУД„Јане Сандански''Пехчево
и изучување на нови кореографии.
Саем на книги Сакам книги

Концерт ДМУЦ„Сергеј Михајлов'' Штип

Ке учествуваме на „Зелникот на баба '' Пробиштип .

Ден на вљубените,настан кој младите го слават ,а лозарите го величат.

Пишување на песни,дружење и забава ...

8 март 2023Изработка на честитки и пишување на песни.

Велигден ,учество на КУД„Јане Сандански'' Пехчево
Велигденска работилница.Во соработка со Општина Пехчево и сите институции во градот,ке направиме настан со кој нашите учесници и нашите грагани ке се гордеат.

Изложба Цвеке 2023 год

УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИЧКИ СРЕДБИ ЦВЕКЕ 2023 ГОД СО НАШИ УЧЕНИЦИ ОД ООУ,,ВАНЧО КИТАНОВ''Пехчево со свои цртежи,цртање на хамер и пастел бои.

Театарска претстава за возрасни

Организираме театарска претстава за деца ,во соработка со ООУ„Ванчо Китанов и градинка Седми Септември Пехчево.
Имаме соработка со сите детски театри ,театри за возрасни, музички групи,акробати,пантомими, циркузи,и други ,во нашата земја ,со кои можеме да се договориме да присуствуваат во нашиот град .

Посета на музеј со ученици од нашето училиште,ширум нашата земја.

Посета на едукативен центар Негрево и учество со нашето КУД.

Учество на наша група пензионери Малешевска китка во Берово на регионални средби од цела држава .

Светски ден на пчелата ,Учество на КУД„Јане Сандански''Пехчево.

Завршна програма од училиште во соработка со домот на културата „Јане Сандански''Пехчево.

Петровден и Павловден празник на градот.Учество на Куд„Јане Сандански
Етно саем на плоштадот ,гости од повеке градови на државата и надвор од неа,фестивал на Дувачки оркести.

Играње на шах и табла културен хепенинг, доделување на пофалници и дипломи на учесници од страна на директорката на домот на културата.
Развивање на дружба,колективен и борбен дух,средба на млада и возрасна генерација.,потик за учество и соработка со домот на културата.

Организираме   ликовен есенски хепенинг,на кој учество земаат повеке деца ,кои цртаат на терасата ,и на крајот се избира најубав цртеж,и од страна на директорката им се доделуват благодарници за учество.

Облекување во народни носии на учесници при  КУД„Јане Сандански'' Пехчево.
Самостојна изложба на повеке уметници од земјата ,па и од странство.
Изложбата  трае по една недела и во соработка со ученици и наставници од основното и средното училиште во групи ,прават посета на изложбата ,и се држат едукативни часови од страна на наставниците.

Учество на ученици со гитари од музичките школи, и од страна на домови на културата.

Карпино изложба, ‚Лесновска ликовна колонија

Владимирски Илинденски Средби 2023 годУчество со КУД„Јане сандански Пехчево.

Голачки фолклорни средби 2023 год.

Форест Фест 2023 годПосета на  едукативен центар Негрево ,учество на КУД „Јане Сандански''Пехчево збогатување на програмата .

Патување и учество во странство со КУД„Јане Сандански''Пехчево Освојување на награди ,пофалници,размена на искуства ,нови познанства ширење на фолклорот, традицијата ,културата .

Положување свежо цвеке пред бистата на плоштадот од страна на делегации и Општина Пехчево,и одржување на свечена седница.
Пантомима,акробација,настап кој секогаш ги воодушевува децата па и повозрасната публика.
Соработка со повеке театри ширум земјата  и покана од наша страна во зависност  од договорот и финансиите .

Театар од Кичево ,Скопје ,Демир Капија или некој друг град ,соработка и размена на искуства и мислења со сите институции од културата.
Годината ја завршуваме со новогодишен концерт на КУД и новогодишна театарска претстава за деца.
Имаме дадено согласност на неколку физички лица ако им се одобри проектот од културата да можат да учествуваат во нашиот град  се со цел развивање на соработка со други установи и центри ширум нашата земја.
Оваа година на конкурсот за финансирање на проекти од министерство за култура учествувавме со 2 проектии тоа Работа со КУД„Јане сандански''Пехчево ,и  Работа со пензионерски хор Малешевска китка.
Домот на културата Јане сандански‘‘Пехчево има  страна ,и ако нешто повеке сакате да знаете и да видете што работи домот на културата,кои настани ги прави  слободно погледајте  , а може и да дојдете во нашите простории, ние секогаш сме расположени за соработка и секој е добредојден.

Изработил:
ОУДК„Јане Сандански„
Пехчево
директор
Валентина Веселинска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/27 Градоначалник на
26.12.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево(Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Програмата за проекти од областа на културата на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година бр. 05-88/1 од 05.12.2022, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1624/1 Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

ОЗ-88
7.12
О . У . Дом на Култура „ Јане Сандански " Пехчево
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

ДК Јане Сандански
Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 06. 12. 2022. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 1520/1 | | |

До

Министерство за култура на република Северна Македонија

До совет на Локална самоуправа Општина Пехчево

Предмет :Програма за проекти од областа на културата за 2023 год.

Домот на културата Јане Сандански Пехчево Ве известува дека со средствата од блок дотациите за 2023 година е планирано да се реализираат следните проекти:

**Проект бр 1**

**„Работа со играорна група КУД Јане Сандански Пехчево**

Планирани средства 100 000 ден

Побарано од Министерство за култура 70.000 ден

Хонорар за кореограф

Хонорар за музички соработник

**Проект бр 2**

**„Работа со пензионерски хор Малешевска китка "**

Планирани средства 70.000 ден

Побарано од министерство за култура 50.000 ден

Транспорт,ручек,надомест за раководител на хорот,надомест за музички соработник

ОУДК,,ЈАНЕ САНДАНСКИ'' ПЕХЧЕВО

ДИРЕКТОР

ВАЛЕНТИНА ВЕСЕЛИНСКА

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/28 Градоначалник на
26.12.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2023 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2023 година.

Член 2

Програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2023 година бр. 01-04/1 од 06.12.2022 година, е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1625/1 Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Примено: 06.12.2022.
Орг.Един: 08 | Број: 1514/1 | Прилог | Вредност:

Здружение Доброволно противпожарно друштво
БР. 01-04/1
06.12.2022 год.
Пехчево

# П Р О Г Р А М А

## За работа на Доброволното противпожарно друштво

## ПЕХЧЕВО

## Изработено за Потребите на:

## -Градоначалник на Општина Пехчево

## -Совет на Општина Пехчево

## За 2023 година

## ПЕХЧЕВО, ДЕКЕМВРИ 2022

Врз основа на Член 21 став 3 и Член 51 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за пожарникарство (Сл.весник 168 од 21.11.2017 година), во насока за непречено спроведување на предвидените проектните активности, Управниот одбор на Доброволното противпожарно друштво Пехчево на ден 26.11.2022 година ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А

### За работа на ДПД Пехчево за 2023 година

**Основни цели и задачи на ДПД Пехчево се :**

- Да ја следи и анализира положбата во Доброволното против-пожарникарство и да превзема мерки и унапредување и заштита од пожари во општина Пехчево и РСМ
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови
- Организира и спроведува работилници за превенција и заштита од пожари и други останати елементарни непогоди со учениците од средните училишта и да ја подигне свеста кај истите за волонтирањето
- Да укаже на потребата и функционирањето на една ваква организицаја на целокупната јавност како општествено одговорна организација
- Го анализира и следи спроведувањето на мерките за заштита од пожари и покренува иницијатива за нивно дополнување и измена;
- Покренува активности на своите членови за спроведување на превентивни и други мерки заради остварување на задачите за заштита од пожари и унапредување на противпожарникарството во целина;
- Работи за вклучување на што поголем број на граѓани, а посебно младинци во работата на Друштвото
- Развива и покренува активности за заштита од пожари
- Организира советувања, семинари, противпожарни натпревари и други стручни и информативно пропаганди акции од значење за против-пожарството и за ширење на противпожарна култура меѓу граѓаните во Општината
- Во основното и во подрачните училишта како и во предшколските установи врши едукативно-превентивна дејност
- Соработува со локалните власти,претпријатија ,средства за јавно информирање, здруженија и други организации во унапредување на противпожарникарството во заштита од пожари
- Врши и други работи од интерес за своите членови и за развој и афирмација на противпожарникарството и заштита од пожари
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови

- Општа цел на Годишната програма на ДПД Пехчево е придонес кон унапредување на организацијата со нови практики за тренинг сесии на противпожарните одделенија и подигната јавна свест, преку перманентна едукативна кампања пред

образовниот систем и бизнис заедницата, и со редовно настапување преку локалните и националните пишани и електронски медиуми, со што многу кратно ќе се допринесе кон посовесно и поодговорно однесување на целокупното население со опасностите од пожарите, сите останати елементарни непогоди, сообраќајни несреќи. Истата ќе допринесе и во воспоставување на координирана соработка помеѓу релевантните локални, државни чинители и бизнис заедницата за унапредување на работата на ДПД Пехчево на полето на безбедност на целокупната популација и природата. Како фундамент на Програмата е и набавката на противпожарни возила и тоа: навално и возило за технички интервенции, како и разновидна противпожарна опрема (ПП пумпи, агрегат, моторни пили, моторни дувалки, напретњачи, компресор за воздух, набавка на рачен и батериски алат), со што ќе се задоволат првичните потреби од опремување на нашето друштво, за поуспешно настапување на нашите противпожарни единици, при настанување на било кој вид на интервенција. Истотака, потребна е набавка на соодветна противпожарна лично-заштитна опрема (ПП туники, ПП панталони, фул фејс маски, филтри, чизми, кондури и сл.), со која ќе се зголеми личната безбедност на нашето членство при настап на интервенции.

- Генерално очекувано влијание од реализацијата од Годишната програма е подобрена финасиска одржливост на ДПД Пехчево, во насока на реализацијата на сите статутарни и програмски активности предвидени за календарската 2023 година. Придонес кон општествена промена во локалната заедница, вклучувајќи подобра соработка со релевантните локални, државни чинители, образовниот сектор, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во насока на задоволување на очекувањата на грѓаните кои директно се засегнати од опасностите кои ги носат пожарите, останатите елементарни непогоди, сообраќајните несреќи, како и подобрување и унапредување на видливоста и препознатливоста на организацијата, преку зголемување на капацитетите на нашите членови.

- Краен бенефит од сите активности и продукти кои ќе произлезат од Програмата е целокупната локална заедница, односно луѓето и институциите кои ја сочинуваат.

- Предвидените финансиски средства за реализација на Годишната програма за 2023 година на ДПД Пехчево се прикажани и опишани по ставки и апсолутни броеви во табела.

Табела: Буџет на ДПД Пехчево за 2023 година

| Административни трошоци | Време | Број | Износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Канцелариски материјали | Година | / | / | / |
| Банкарски провизии | Месец | 12 | 500 | **6000** |
| Средства за одржување на хигиена | Месец | / | / | / |
| Сметководител | Месец | / | / | / |
| **Вкупно администартивни трошоци** | | | | **6000** |
| **Директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | |
| Набавка на навално ПП – возило | број | / | / | / |
| Одржување на теренско ТАМ возило | година | 1 | 70000 | **50000** |
| Гориво за теренско ТАМ возило | година | 1 | 60000 | **50000** |
| Набавка на моротна пила STIHL MS 180 | броја | 1 | 18850 | **18850** |
| Одржување на Мерцедес навално возило | броја | 1 | 60000 | **50000** |
| Напретњача – ранец 25литри | броја | / | / | / |
| Фул фејс – маски за настап на шумски пожар | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП апарати | броја | 10 | 2200 | **22000** |
| Филтри за фул фејс маска | сет | / | / | / |
| Набавка на одела за шумски пожр | броја | / | / | / |
| Набавка на рачен алат (клучови, штрафцигери, клешти итн) | сет | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф25 | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф52 | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф75 | Броја | / | / | / |
| Набавка на про рачен алат (Лопата, Копач , Метлици и Гребла) | броја | 20 | 500 | **10000** |
| Набавка на батериски рачен алат (штрефалица, светилки) | броја | / | / | / |
| Трошоци за печатење (флаери, брошури и плакати) | | / | / | / |
| **Настани и обуки** | броја | | | |
| Работилница "Превенција на шумски пожари" | броја | 2 | 10000 | **20000** |
| Обуки од сертифицирани инструктори и пожарникари | | 2 | 60000 | **120000** |
| **Вкупно директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | **340.850** |
| **Вкупно** | | | | **346.850** |

ДПД Пехчево, планира да обезбеди средства преку спонзорства и донации од страна на бизнис заедницата и индивидуални и меѓународни донатори.

Со прифаќање на Годишната програма за работа на ДПД Пехчево за 2023 година за буџетирање на активностите, истата ќе се реализираат според утврден план и динамика.

Доколку се одобрени средства во помал обем, ДПД – Пехчево ќе изврши ревидирање на утврдените потреби и динамика на реализирање на програмата.

За добиени финансиските средства од буџетот на општина Пехчево, Друштвото ќе достави наративен и финансиски извештај до советот на општина Пехчево.

Пехчево

26.11.2022

М.П.

Претседател на ДПД Пехчево

Дејан Вазлиски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/29 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита (Сл. весник на РМ бр.43/12), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево**

**Член 1**

- Наташа Костовска се разрешува од должноста член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев – Пехчево поради поднесена оставка.

За нов член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево се именува:

Билјана Каракашевска - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1626/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/30 | Градоначалник на
26.12.2022 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година бр.08-1530/2 од 07.12.2022 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1627/1 | Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Во овој извештај се вклучени реализираните активности од облста на културата во Општина Пехчево и реализираните финансиски средства за одржување на предвидените културни активности.

Активностите од Програмата за финансирање на проекти од областа на културата на Општина Пехчево за 2022 година се предвидени се со цел, да се зголеми развојот на културата во општина Пехчево и да се поттикне културната дејност на културните институции.

- **Организирање на Фестивалот на дувачки оркестри и Етно саемот – Пехчевски Павловден – Пехчево 2022 година**

- **Организатор на активноста:** Општина Пехчево
- **Период на одржување на активноста:** 13-16 јули 2022 година
- **Целни групи на активноста:** Граѓаните на општина Пехчево, учесниците во Фестивалот на дувачки оркестри и на Етно саемот Пехчевски Павловден – Пехчево 2022 година, сите останати туристи и посетители на Пехчево;
- **Резултати:** Збогатена туристичка и културна понуда од страна на Општина Пехчево, зголемен број на посетители на градот за време на фестивалските денови;
- **Реализиран буџет:** 1.224.225,00 денари

**Финансиски извештај за Фестивалот на дувачки оркестри – Пехчево 2022 година и Етно саем – Пехчевски Павловден**

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **Организатор (име на правното лице)** | Општина Пехчево |
| Адреса | Бул. „Равен“ бр. 8, 2326 Пехчево |
| Телефон | 033-441-321 |
| Е-адреса | elica.jovevska@yahoo.com |
| **Наслов на манифестацијата/фестивалот** | „Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево и Етно саем – Пехчевски Павловден“ – 2022 година |
| **Место и термин на одржување на манифестацијата / фестивалот** | Плоштад Св. Петар и Павли – Пехчев 13– 16 јули 2022 година |

## 2. ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

| **Извор на финансирање** | **Средства** |
|---|---|
| Општина Пехчево | **А+Б+В** |
| **Вкупно:** | **1.224.225,00** |
| Спонзорства | **496.400,00** |
| Користење на плоштад | **152.525,00** |
| Општина Пехчево | **575.300,00** |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство по повик Локални манифестации/ саеми за промоција на земјоделски производи во РСМ – по проект** | |
| 1. *Печатење на материјали - брошура* ( исплатено од буџетска сметка ) | 6.400,00 денари |
| 2. *Дизајн на брошура* (исплатено од буџетска сметка ) | 2.500,00 денари |
| 3. *Монтажа и демонтажа на сцена, озвичување и осветлување* ( исплатено од наменската сметка за фестивалот ) | 103.400,00 денари |
| **Вкупно:** | **112.300,00 денари** |

**Извештај за потрошени средства финасирани од страна на Општина Пехчево**

## 3. ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА

| **А. По фактури** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на активности** | **Износ** | | |
| | **Фактурирано** | **Исплатено со ДДВ** | **неисплатено** |
| **1. Извршено сервисирање на тоалети од 13-17.07.2022 година, Вкупно: 6 кабини** | 35.805,00 | 35.805,00 | |
| **2. Услуга за изработка на рекламен видео спот** | 19.500,00 | 19.500,00 | |
| **3. Угостителски услуги** | 148.080,00 | 148.080,00 | |
| **4. Сместување на гости** | 41.360,00 | 41.360,00 | |
| **5. Обезбедување на манифестацијата** | 59.000,00 | 59.000,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 6. Монтажа и демонтажа на сцена, озвучување, осветлување и техничка поддршка | 212.400,00 | 212.400,00 | |
| 7. Музички настап на Фестивал на трубите во Пехчево 2022 – Сале Певац и Пријателите | 221.250,00 | 221.250,00 | |
| 8. Покана | 4.720,00 | 4.720,00 | |
| ***ВКУПНО (А)*** | ***742.115,00*** | ***742.115,00*** | |

| **Б. Договори** | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности** | **Исплатено без пресметан персонален данок** | **Неисплатено** |
| **1. Водител** | 30.000,00 | |
| **2. Соработка за подготовка на црковен ручек** | 20.000,00 | |
| **3. Снимање и сликање на Фестивалот и Етно саемот и изработка на материјал од истиот** | 21.600,00 | |
| **Учесници** | 362.300,00 | |
| ***ВКУПНО (Б)*** | ***433.900,00*** | |

| **В. Персонален данок** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Исплатено** | **Неисплатено** |
| Пресметан персонален данок | 48.210,00 | |
| ***ВКУПНО (В)*** | ***48.210,00*** | |

**Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“**

- **Организатор на активноста:** Општина Пехчево
- **Период на одржување на активноста:** 7 Септември
- **Целни групи на активноста:** Граѓаните на општина Пехчево, сите општински и јавни институции, Советот на општина Пехчево
- **Резултати:** Одбележан Денот на ослободувањето на Пехчево со положување на свежо цвеќе пред споменикот на Ванчо Китанов во Пехчево, Свечена седница на Советот на Општина Пехчево како и пригодна програма – одржување на Фестивалот за детски песни „Малешевско ѕвонче“;
- **Реализиран буџет:** 15.430,00 денари

| **А. По фактури** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на активности** | **Износ** | | |
| | **Фактурирано** | **Исплатено со ДДВ** | **неисплатено** |
| **Александра Декорации – Фактура број 10/22** | 2.600,00 | 2.600,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. **Набавка на свежо цвеќе и украсување за фестивалот „Малешевски ѕвонче“** | | | |
| **Лепаченце ДООЕЛ – Фактура број 13/22**<br><br>2. **Угостителски услуги за 7 Септември** | 3.740,00 | 3.740,00 | |
| **Ресторант „Тропик“**<br><br>3. **Угостителски услуги за 7 Септември за децата учесници во Фестивалот за детски песни „Малешевско ѕвонче“** | 9.090,00 | 9.090,00 | |
| **Вкупно:** | **15.430,00** | **15.430,00** | |

❖ **Одбележување на Новогодишните и Божиќните празници и Христијанскиот празник „Водици“**

❖ **Организатор на активноста:** Општина Пехчево
❖ **Период на одржување на активноста:** 19 Јануари и 20 Јануари
❖ **Целни групи на активноста:** Децата од детската градинка „7 Септември“ – Пехчево, Домот за деца со посебни потреби, Групниот дом за деца без родители и родителска грижа, вработените во Граничната полиција, Канцеларијата на полициската станица од општа надлежност – Пехчево и граѓаните од Општина Пехчево
❖ **Реализиран буџет:** 51.030,00 денари

| **А. По фактури** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на активности** | **Износ** | | |
| | **Фактурирано** | **Исплатено со ДДВ** | **неисплатено** |
| **Ивел – Стојан – Пехчево – Фактура број 1-2354**<br><br>❖ **Новогодишни пакетчиња за децата од ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, Домот за деца со посебни потреби и Групниот дом за деца без родители и родителска грижа** | 29.750,00 | 29.750,00 | |
| **Конто Белисима ДООЕЛ – Берово – Фактура број 21/21**<br><br>❖ **Набавка на новогодишни украси за ОЈУДГ „7 Септемри“ - Пехчево** | 4.630,00 | 4.630,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **М – Младост – Берово, Фактура број 4**<br>❖ **Набавка на телевизор за лицето кое на христијанскиот празник Водици го фати светиот крст** | 10.000,00 | 10.000,00 | |
| **М – Младост – Берово – Фактура број 41**<br>❖ **Набавка на новогодишни подароци за вработените во здравствениот дом во Пехчево, граничната полиција во Пехчево и полициската канцеларија на Полициската станица во Пехчево кои се на вечерна смена на 31.12.2021 година** | 6.650,00 | 6.650,00 | |
| **Вкупно:** | **51.030,00** | **51.030,00** | |

- **Пехчево на точаk – 2022 година**

- **Организатор на активноста:** Пехчевско лоби со логистичка и делумно финансиска поддршка од страна на Општина Пехчево
- **Период на одржување на активноста:** 25 јуни
- **Целни групи на активноста:** Граѓаните на општина Пехчево, сите пријавени учесници ( велосипедисти ) во активноста Пехчево на точак
- **Резултати:** Со велосипеди група од околу 30 велосипедисти ја поминаа велосипедската патека во должина од 32 км од Пехчево до Кадиица;
- **Реализиран буџет:** 1.100 денари

- **Трка Берово – Пехчево – 2022 година**
- **Организатор на активноста:** Андреј Митровски и Алексеј Крушарски со поддршка на Општина Пехчево
- **Период на одржување на активноста:** 17 јули
- **Целни групи на активноста:** Пријавените учесници во трката, граѓаните на Општина Пехчево
- **Резултати:** Во трката учество земаа 50 учесници кои успешно ја истрчаа рутата од 15 км, од Плоштадот Димитар Беровски во Берово до Плоштадот Свети Петар и Павле – Пехчево;
- **Реализиран буџет:** 19.700 денари

| **А. По фактури** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на активности** | **Износ** | | |
| | **Фактурирано** | **Исплатено со ДДВ** | **неисплатено** |
| **ДТУ „Цвејо“ ДООЕЛ ул.Ленинова 124 Струмица, фактура број 409 од 15.07.2022 година**<br>❖ **55 испечатени мајци** | 18.700,00 | 18.700,00 | |
| **Сони Компани ДООЕЛ – Радовиш, фактура број 632/2022**<br>❖ **Бројки како ознака на мајците** | 1.000,00 | 1.000,00 | |
| **Вкупно:** | **19.700,00** | **19.700,00** | |

| **Финансиски извештај за реализираните проекти од областа на културата на Општина Пехчево за 2022 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Реализиран буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | 575.300,00 денари |
| 2. | Одбележување на денот на пролетта и организирање на еко - ден | / |
| 3. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1- април – „Априлијада“ | / |
| 5. | Одбележување на големиот христијански празник - Велигден | / |
| 6. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 15.430,00 денари |
| 7. | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“ | / |
| 8. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 51.030,00 денари |
| 10. | Баскерфест 2022 година | / |
| 11. | Топол културен бран | / |
| 12. | Бела ноќ | / |
| 13. | Пехчево на точак – 2022 година | 1.100,00 денари |
| 14. | Off road – 2022 година | / |
| 15. | Проектирање на цртани филмови на платно | / |
| 16. | Трка Берово - Пехчево | 19.700,00 денари |
| **Вкупно:** | | **662.560,00 денари** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Имајќи ги во предвид сите превземени активности во областа на културата во  2022 година, Програмата за финансирање на проекти од областа на кутлрата на Општина Пехчево за 2022 година е реализирана во поголем дел.

За Фестивалот на дувачки оркестри – Пехчево 2022 година и Етно саем – Пехчевски Павловден, вкупно се потрошени 1.224.225,00, од кои само  575.300 се од буџетот на Општина Пехчево. Подетално за потрошените  финансиски средства има во табелата погоре.

Потрошени се вкупно 15.430,00 денари за одбележување на празникот на градот „7 Септември“, при што беше положено свежо цвеќе пред споменикот на Ванчо Китанов на Плоштадот „Св. Петар и Павле“ во Пехчево, потоа беше одржана Свечената седница на Советот на Општина Пехчево, каде што беа доделени Благодарници на заслужни граѓани, фирми, невладини и други организации што имаат било каков придонес за развојот на Општина Пехчево согласно донесената одлука од страна на Советот на Општина Пехчево.

За прославување на Нова Година и одбележување на христијанскиот празник Богојавление – Водици и сите спроведени и реализирани активности во врска со наведените празници, потрошени се вкупно 51.030,00 денари за новогодишни пакетчиња и играчки со кои беа збогатени новогодишните пакетчиња на децата кои ја посетуваат и се згрижени во Детската Градинка „7 Септември“ – Пехчево, новогодишни пакетчиња и подароци за децата од групниот дом и домот за деца со посебни потреби, како и скромни подароци за дежурните екипи на Нова Година во Здравен дом, Полициска канцеларија, Гранична полиција - Пехчево. Беше набавен и телевизор за лицето кое го фати светиот крст во водите на реката Писа.

Во однос на организирањето на активноста Пехчево на точак , општна Пехчево во најголем дел беше вклучена во логистика, додека од финансиски средства беа потрошени само 1.100,00 денари за резервни гуми за велосипедистите, како финансиска поддршка на настанот.

Од страна на млади ентузијасти, љубители на спортот, Андреј Митровски и Алексеј Крушарски со помош и поддршка на Општина Пехчево и неколку волонтери, беше организирана трка од Плоштадот Димитар Беровски – Берово до Плоштадот Свети Петар и Павле во Пехчево во должина од 15км. На трката учествуваа околу 50 учесници и истата беше успешно реализирана. Општина Пехчево покрај логистички, помогна и финансиски истата да се организира со вкупен износ од 19.700 денари.

Вкупно од предвидени 1.848.000,00 денари, потрошени се вкупно 662.560,00 денари.

Изработил Елица Јовевска

Бр.08-1627/2 | Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година и Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година и Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/31 — Градоначалник на
26.12.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2022 година и Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2022 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2022 година и Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2023 година бр.0302-46/1 од 06.12.2022 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1628/1 — Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 07. 12. 2022. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 1531/1 | | |


ОУМБ „КОЧО РАЦИН“
ПЕХЧЕВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Општинската установа-Матична библиотека „Кочо Рацин“- Пехчево 2022г.

**Извештај за работа на Општинска установа-Матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево 2022**

## ВОВЕД

Градската библиотека во Пехчево го носи името според познатиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин. Се наоѓа во центарот на градот и опфаќа површина од 100м2. Во 1966 година во регистерот на тогашниот окружен стопански суд во Штип е заведено решението за регистрирање на матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево. Оваа година се навршуваат 56 години од овој значаен настан, во кој што библиотеката како институција од областа на културата успешно делуваше на полето на популаризацијата на книгата и на нејзините литературни и општо образовни цели. Во овој изминат период оваа институција претставуваше респектабилно културно седиште, низ кое што многу генерации од различни возрасти се воодушевувале од магичноста на пишуваниот збор и ги правеле првите чекори во своето општо образовно надградување и едукација.

Важно е да се спомене дека библиотеката поседува примероци од книги уште од 1924 година, на кои што постои штембил:

**„Читаоница – матица пехчевска“,** што значи дека уште пред 98 години во Пехчево постоела читална во која што зрачела искрата на образованието и културата. Во библиотеката годишно се зачленуваат од 150 до 200 членови, а структурата на членовите е различна. Имено најголемиот дел од читателите се ученици од основното и средното образование како и студенти и тоа околу 80%. Остатокот од 20% се повозрасни читатели кои земаат слободна литература најчесто белетристика, но и земаат литература која е наменета за најмладата популација, за дечињата од предшколска возраст. Има читатели кои не се зачленети, но постојано ја посетуваат библиотеката и го читаат дневниот печат кој редовно се набавува како што е „Вечер“.

Библиотеката иако е мала по површина располага со богат книжен фонд. Поседува литература од најразлични жанрови и тоа задолжителни лектирни изданија и тоа од прво одделение, па се до четврта година средно образование, како и голем број на белетристика. Со оглед на тоа дека е

културна установа по разни поводи организира литературни читања, распишува конкурси од областа на поезијата и прозата.

Прави промоции на книги и други културни збиднувања. Библиотеката е институција која била и ќе биде една од светлите точки во Пехчево.

Слободно може да се каже дека во нашето мало место каде што изборот за забава, или користењето на слободно време е многу ограничен,библиотеката е една од малобројните места каде што може корисно да се помине дел од слободното време на граѓаните, а посебно на младата генерација кои наоѓаат катче за контакт со книгата, или други содржини. Библиотеката како културно средиште допринесува низ контактот со книгите и останатите содржини да се подигне општообразовното, културното и стручното ниво во нашиот град и околината.

Општинската установа –,Матична библиотека „Кочо Рацин" - Пехчево како општинска институција од областа на културата во Општина Пехчево, чија основна дејност е развој на библиотекарството и презентација и овозможување за користење на расположивиот книжен фонд,во својата работа ги вклучува книжевните творци кои ќе бидат интегрирани како креативна сила во промоција на литературата. Една од најважните функции на библиотеката е популаризација на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање. Од друга страна важно и потребно е родителите да им читаат на децата уште од најрана возраст, при што покрај поминувањето на пријатни моменти во друштво со книгата, се стекнува и навика за читање и љубов кон книгата. Изминатава 2022 година беше доста плодна и полна со активности за библиотеката „Кочо Рацин".

**Јануари** Во месец Јануари библиотеката во соработка со ОЖП организираа кулинарска музичка вечер, на која учествуваа жените со своите специјалитети, но и вештите момчиња со своите производи. За музичкиот дел беше задолжен професорот по музичко образование Драган Колевски. За дегустацијата на производите беше задолжена публиката. Настанот се одржа во пензионерскиот дом. Исто така во Јануари започнува новото зачленување. Годишна членска карта изнесува 200,00 денари, 100,00ден за три месеци и 300,00 денари семејна членарина.

**Февруари** Во месец Февруари се одржаа повеќе настани и тоа: На 7 Февруари во библиотеката се одржа обука за претприемништво за одржлив развој како дел од проектот YOU WEEN кој промовира едукација за претприемништво и активности меѓу зелените млади жени преку обука за зелено размислување, подигање на свеста за родова рамноправност.

Обуката беше спроведена преку методологијата на тренерски кругови, тоест коучинг кругови од страна на раководителката на Едукативниот центар за зачувување на природата во с. Негрево Верица Арнаутовска.

На 14 Февруари по повод Св. Трифун и Св. Валентин, во чест на виното и љубовта во библиотеката се одржа поетско-забавен-музички перформанс настан кој библиотеката со години наназад го организира. За сценариото и забавниот дел се погрижи директорката на библиотеката, за поетскиот дел се погрижија учениците средношколци, а за музичкиот дел се погрижи професорот по музичко Драган Колевски. Низ смеа, игра и многу изненадувања и награди за публиката се одбележаа двата празника.

На 21 Февруари се одбележа Светскиот ден на мајчиниот јазик под мотото „Мојот јазик – тоа сум јас". На настанот учествуваа учениците од IV одделение под менторство на наставничката Оливера Кратевска кои читаа творби на англиски и македонски јазик, како и забавен перформанс на ромска песна. Учествуваа и учениците од VIII и IX одделение под менторство на Наташа Беџовска и Магдалена Поповска со драмски текст „Јазикот наше богатство" и низ цртежи го напишаа зборот ДРУГАРСТВО на повеќе јазици. Се читаше и поезија од Блаже Конески и Кочо Рацин од страна на средношколците и возрасните читатели.

**Март** По повод 8 Март- Меѓународниот ден на жената во библиотеката се одржа креативна работилница за изработка на честитки и цртежи на ученици од основното и средното образование и истите беа подарени на библиотеката.

Во чест на денот на жената директорката имаше средба со читателите рекордери од понежниот пол на кои им подари каранфили и благодарници за најмногу прочитани книги во месец Февруари.

На 21 Март во кафе бар „Ким" се одржа настан наречен „Да правиме мали добри дела со голема љубов". Настанот се одржа по повод Светскиот ден на поезијата. Со години наназад библиотеката се приклучува на кампањата „Плати кафе со поезија". Средношколците и возрасните пишуваа лични творби оддавајќи почит на поетското творештво, а преку цртежи се одбележа пролетта и се упати и порака за мир.

**Април** На почетокот на месец Април се одржаа два настана. 1 Април- денот на шегата и 2 Април- Светскиот ден на детската литература. По тој повод се одржа и промоција на книгата „Палави афоризмичари" од македонскиот афористичар и сатиричар Миле Ѓорѓијоски. На настанот учествуваа учениците од IV одд со наставничката Оливера Кратевска, учениците од VI одд со наставничката Магдалена Симовска.

Учествуваа и учениците од VII одд со наставничката Јулија Велковска. Необична содржина, интересен настан.

На 15 Април во кафе бар „Ким" се одржа настан по повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторското право. Овој ден библиотеката традиционално го одбележува со доделување дипломи и книги на најчитатели рекордери и читатели рекордери за годината што поминала. Се доделуваат благодарници и книги и за соработниците на библиотеката. На настанот учествуваа и учениците од подрачното училиште од с. Црник кои се преставија со драмата „На час по македонски јазик". Учество зеде и Димитар Симовски кои заедно со ученичките Ева и Јана Тодоровски ги преставија носиите од радовишките села.

На 20 Април во НУУБ„Св. Климент Охридски" - Битола се одржа регионална средба за проектот „Хортикултурни библиотеки" на која учествуваа библиотеки од Србија, БиХ, Хрватска, Црна Гора, Албанија и Македонија и тоа Скопје, Прилеп, Радовиш и Пехчево.

На 21 Април во Дом на култура „Крсте Петков Мисирков" во Свети Николе се одржа поетски фестивал „Пролет, љубов, смеа". Библиотеката учествуваше со двајца ученика и се натпреваруваше во две категории и тоа во категоријата основци со Бранкица Јовевска и во категоријата до 18 години со Иван Јангелов кој го освои второто место, под менторство на Габриела Костадинова.

**Мај** Во месец мај се одржа еден настан во библиотеката со учениците од VI одделение и наставничката Јулија Велковска која одржа час по македонски јазик во рамките на нивната годишна програма. Учениците се запознаа и со работењето на библиотеката. Посебно внимание привлече нивниот интерес за решавање на крстозбор и судоку од дневниот печат.

Во рамките на програмските активности на библиотеката е и посета на Саемот на книга. Во Мај учениците средношколци заедно со директорката го посетија Саемот на книга во Скопје и ги набавија новите изданија. Посебен интерес покажаа учениците за книгите од македонските автори.

На 7 Мај во Битола се одржа меѓународна поетска манифестација „Ако одам во Битола" на која учество зеде и библиотеката „Кочо Рацин" со Михаела Костовска и Иван Јангелов од средното образование кои освоија второ и трето место и Елица Јовевска од возрасните читатели која доби награда за најдобар расказ во категоријата пофалени раскази, под менторство на Габриела Костадинова.

Во Мај библиотеката организираше изложба на орхидеји под мотото „Најубави орхидеји". Изложбата се организираше во рамките на проектот

„Хортикултурни библиотеки". Целта беше со тајно гласање да се изберат 3(три) најдобри орхидеји. Сите посетители што дојдоа тој ден да ја видат изложбата го дадоа и својот глас за најдобрата.

На 17 Мај библиотеката учествуваше на Меѓународната конференција на библиотекари во Цетиње-Црна Гора каде директорката имаше свое излагање за активностите на библиотеката „Кочо Рацин".

По повод Меѓународниот ден на пчелата библиотеката учествуваше на два конкурса и тоа ликовен и поетски распишан од страна на Едукативниот центар за зачувување на природата. На ликовниот конкурс учествуваше со ученичката Алексија Китански, а на поетскиот конкурс учествуваше со Бранкица Јовевска која го освои третото место со песната „Пчелата живот значи".

На 26 Мај библиотеката во соработка со ООУ„Ванчо Китанов" организираа втора промоција на книгата „Палави афоризмичиња" во подрачното училиште во с. Црник. Целта беше едукација на учениците и запознавање со поимот афоризам. На крајот од часот учениците успешно одговорија на задачата и преку цртежи создадоа афоризми.

На 31Мај во библиотеката „Искра"-Кочани се одржа детски поетски фестивал „Мајски цвет"на кој учествуваа ученици од повеќе градови на Македонија, меѓу кои и Пехчево. Преставници од нашата библиотека беа Ермира Џитанова и Јана Тодоровска која ја освои наградата за најдобра интерпретација со песната „Ако имав временска машина".

**Јуни** По повод завршувањето на школската година во библиотеката се одржа настан со учениците од IV одделение под менторство на наставничката Оливера Кратевска и афористичарот Миле Ѓорѓијоски, кој на секое дете подари книга со афоризми посветена на нивните желби за идните професии.

**Јули** Поради годишните одмори во месец Јули библиотеката „Коко Рацин" немаше активности.

**Август** Во Август библиотеката учествуваше на поетската манифестација „Поетско Маркукуле" во Прилеп со Иван Јангелов во категоријата младинци до 18 години и со Габриела Костадинова во категоријата возрасни поети.

**Септември** По повод 7 Септември библиотеката во соработка со Општина Пехчево организираше културен настан со учениците до V одделение и возрасните членови на рецитаторската секција чиј ментор подготви рецитал за Пехчево и Ванчо Китанов. Настанот се одржа во кино салата при Домот на културата „Јане Сандиски".

Во Септември двајца членови на библиотеката учествуваа на поетскиот фестивал „Детски гласови“ организиран од страна на Здружението на граѓани „Жар Преспа“ од Ресен во две категории и тоа основци и средношколци. Претставник од основното образовани беше Бојана Јовевска, а од средношколците претставник беше Иван Јангелов кој освои награда во категоријата „Пофалени песни“ под менторство на Габриела Костадинова.

Во Септември исто така библиотеката учествуваше на уште еден конкурс за детски поетски творби „Жуборење од Радика“ распишан од страна на Здружение за афирмација и развој на реканскиот крај Рекански порои во Ростуше со учениците Иван Јангелов, Теона Бојчовска и Михаил Цековски под менторство на Габриела Костадинова,која на фестивалот доби сертификат за успешен ментор. Иван и Михаил освоија прва награда, а Теона ја доби гран-при наградата.

**Октомври** По повод Недела на детето директорката на библиотеката ги посети дечињата од најголемата група при Детската градинка„7 Септември“ и им подари сликовници. Идејата беше децата активно да се вклучат во дискусија за своите права, желби и потреби преку раскажување на приказната за различностите на децата и да ја сфатат поракагта која произлегува од приказната. На крајот дечињата заедно со нивната наставничка Снежана Вучковска изработија цртеж под мотото „Се што му треба на детето е љубов“ како подарок за библиотеката.

По повод 5 Октомври – Светскиот ден на учителот директорката на библиотеката со скромни подароци ги награди наставничките Оливера Кратевска, која беше прогласена за Учител на годината од страна на Здружение на новинари „Исток“ и Магдалена Симовска , на која од страна на Совет на Општина Пехчево и беше доделена Диплома за личен придонес за унапредување на воспитно-образовниот процес во ООУ„Ванчо Китанов“, а учениците средношколци во чест на сите наставници подготвија рецитал на таа тема.

Во Октомври се одржа вториот дел од проектот „Хортикултурна библиотека“ на кој учествуваа 12 кандидати, кои имаа задача да достават слики од цвеќињата на нивните тераси и дворови. Учесници во овој дел од проектот беа Спаско Ингилизов, Зоран Стефановски, Елисаветка Јовевска, Валентина Станоевска, Светлана Јангелова, Светлана Китанска, Данка Капушевска, Јованка Пешначка, Весна Заринска, Благородна Гошевска, Павлина Цековска и Љупчо Тиловски.

Во Октомври преку библиотеката Иван Јангелов и Габриела Костадинова учествуваа на меѓународниот поетски фестивал „Симбиоза на планетата“ во Куманово, чии песни беа пофалени од страна на жири комисијата.

По повод Месец на книгата во библиотеката се одржа литературно читање со учениците од прво одделение под менторство на наставничката Ајнура Арнаутовска. Во една опуштена и релаксирана атмосфера се читаше и раскажуваше сликовницата „Маша и Медо“. За успешно реализираниот час директорката на секое дете им подари балони со нивните имиња и сликовници. Првачињата заедно со нивната наставничка изработија сликовница „Есенски рецитал“ како подарок за библиотеката.

Исто така во Октомври библиотеката организираше настан во природа во парк „Езерце“ со учениците од второ одделение под менторство на наставничката Павлинка Цикарска. Се обработуваше книгата „Снежана и седумте џуџиња“ преку цртежи. Секое дете доби цртеж кој требаше да го раскаже, да го обои и на крај да напише по една реченица.

Во Октомври библиотеката учествуваше на детскиот онлајн поетски фестивал во организација на Милица Паулус и Вера Самарџанин со учениците Теона Бојчовска и Михаил Цековски. И двајцата освоија први награди и за најдобра песна и за најдобра интерпретација.

**Ноември** Во Ноември по повод Месец на книгата во библиотеката се одржа ликовна работилница на тема:„Кога јас би цртал книга, корицата би била ваква“ со учениците од прва година средно образование под менторство на професорот по ликовно Слободан Пандов.

По повод завршувањето на Месец на книгата во гимназијата во Пехчево библиотеката организираше музичко, забавен, поетски перформанс на кој учествуваа учениците од V одделение со наставничката Оливера Кратевска кои направија спој од рецитација, драма, музика и игра, а директорката ги промовираше младите таленти поети и поетеси кои во изминатиот период освоија награди. За музичкиот дел беше задолжен професорот по музичко Драган Колевски.

По повод 14 Ноември – Светскиот ден на дијабетесот ОЖП во организација со библиотеката “Кочо Рацин“ и Здружението на пензионери во просториите на пензионерскиот дом организираа трибина за шеќерната болест, чиј предавач беше др. Јагода Шахпаска- специјалист по интерна медицина.

По повод 19 Ноември – Меѓународниот ден на мажите библиотеката организираше трибина на тема: „Улогата на мажот во општеството" со читателите и соработниците од посилниот пол. Овој ден се одбележува со цел подигање на свеста на мажите за грижа на нивното здравје. На таа тема свое предавање имаше доктор Нада Симовска. Читателите и соработниците имаа за задача на крајот од предавањето да напишаат цитати поврзани за тој ден. Настанот се одржа во просториите на библиотеката.

**Декември** Во почетокот на Декември библиотеката организираше средба со учениците од прво одделение со наставничката Емилија Станоевска. Првачињата имаа за задача да ја раскажат содржината на цртежите и да ги обојат со мотив од Дедо Мраз и Нова Година. Се читаа и новогодишни песнички,а на крајот од часот секое дете доби балон со негово име и книга – подарок од библиотеката од страна на директорката. Во средината на Декември во библиотеката се одржа промоција на книгите „Во светот на палавите афоризмичиња" од Миле Ѓорѓијоски - илустрации од Едита Кантурова и Елиса Асанова од с. Црник. По повод 22 Декември- раѓањето на македонскиот поет Кочо Рацин ќе се одржи литературно читање од збирката „Бели мугри" со средношколците и возрасните читатели.
Го употребувам идно време, бидејќи во моментот кога ги доставив матерјалите до Совет на Општина Пехчево активноста се уште не беше спроведена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Примено: 07. 12. 2022.
Орг.Един: 08 Број: 1531/2 Прилог: Вредност:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023**

**ВИЗИЈА:**

Библиотеката ја гледам како информациски и вредносен капитал кој ќе му служи на знаењето, мудроста, уметноста,образованието, читањето и пишувањето. Центар со најпогодно опкружување и подршка за креативност, истражувачка работа, учење и забава кој ќе им служи на сите граѓани од Општина Пехчево.

**МИСИЈА:**

Да се приближат информациите, знаењето и културата на жителите од општината, да се одговори на потребите и побарувањата на корисниците со избрани, стручно засновани и мрежни услуги преку кои се поттикнува читањето, придонесува за непристрасно информирање на граѓаните, образованието и културниот живот.

Мисијата на библиотеката во периодот на 2023 година ќе се остварува преку следните стратешки цели:

а) Избор, набавка,чување и организирање на пристап до оригиналните записи на човековата мисла.

б) Стручна обработка на библиотечниот фонд

в)Подигање на нивото на писменост, како и стручниот и креативен развој на корисниците на библиотечните услуги,

како и на самите библиотекари.

г) Обезбедување на лесно достапен и пријатен простор за

разновидни кориснички услуги.

д) Употреба на иновативна технологија која овозможува висок

степен на продуктивност во работењето.

ѓ) Поттикнување и користење на мрежните извори

е) Поттикнување на стручна комуникација и соработка со

партнерските библиотеки и други образовни институции

во регионот и пошироко.

ж) Голем број разновидни активности од типот на промоции,

литературни читања, конкурси за секој месец во годината.

з) **Во Јануари** се предвидува организирање на оригами работилница(изработка на фигури од хартија) со ученици од основното училиште. Исто така се предвидува читање на божиќни приказни со дечињата од Детската градинка „7 Септември". А бидејќи Јануари е месец на многу верски празници се планира едукативна работилница за значењето на тие празници.

ѕ) **Во Февруари** се предвидува поетско-забавна вечер по повод

Св. Трифун и Св. Валентин. А, исто така се плананира и одбележување на 21 Февруари- Светскиот ден на мајчиниот јазик.

и) **Во Март** по повод 8 Март-Денот на жената се планира литературен конкурс со учениците од средното образование. А, по повод 21 Март- Светскиот ден на поезијата се планира учество на проектот „Уметноста на стихот-спонтано прелевање на моќни чувства“ во Кочани. По повод денот на пролетта се планира ликовна работилница со учениците од основното образование.

ј) **Во Април** се предвидува учество на манифестацијата под мотото: „Другарувањето со книгите ни е песна – Фестивал на децата, книгите и музиката во Кочани по повод 2 Април – Светскиот ден на детската литература. Исто така по повод Денот на литературата за деца во библиотеката се планира едукативна работилница за детска поезија и афоризми и илустрирање на книги со детска поезија и афоризми за манифестацијата „Детски насмевки“ во организација на ЗРА „Пијанечки глас“ - Делчево.

По повод 7 Април- Денот на здравството се предвидува едукативна работилница од областа на здравството. Значењето на крводарителството и значењето на физичката активност за здравјето на луѓето.

По повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторското право се предвидува активност под мотото: „Наградување на читатели и најчитатели рекордери за 2022“- традиција која со години ја одбележува библиотеката „Кочо Рацин“.

Во Април се предвидува и учество на фестивалот „Пролет, љубов, смеа“ во Свети Николе со ученици од основно и средно образование“.

к) **Во Мај** се предвидува посета на Саем на книгата во Скопје со учениците средношколци. Се предвивува и учество на фестивалот на поезија „Мајски поетски цвет“ во Кочани.

л) **Во Јуни** се предвидува промоција на книги и тоа „Црно и бело“, „Мали, а сепак големи“ и „За една љубов“ од авторот Зоран Котевски од Демир Хисар

љ) **Во Јули** не се предвидуваат активности, поради годишните одмори кои следат.

м) **Во Август** планирано е учество на млади поети од Пехчево во Прилеп на поетската манифестација „Поетско Маркукуле“

н) **Во Септември** по повод ослободувањето на Пехчево се предвидува културна манифестација за првоборецот Ванчо Китанов и роденденот на нашиот град.

њ) **Во Октомври** по повод Месец на книгата се предвидува ликовен и поетски конкурс во кој ќе бидат застапени ученици од основното и средното образование. Се предвидува и посета на Детската градинка 7 Септември по повод недела на детето. А по повод 5 Октомври – Денот на учителот се планира од страна на библиотеката наградување на истакнати наставници.

о) **Во Ноември** по повод завршување на месецот на книгата се предвидуваат низа активности со учениците од основно и средно образование. Се планира и настан во библиотеката со млади поети од Берово, Делчево и Пехчево.

п) **Во Декември** се предвидува квиз натпревар со учениците од осмо и деветто одделение посветен на македонскиот поет и писател Кочо Рацин. По повод Нова Година се предвидува работилница на која ќе се изработуваат честитки со Дедо Мраз со учениците од трето и четврто одделение.

р) И во 2023 година за корисниците на библиотечната

читална ќе се обезбеди досегашниот дневен весник

„Вечер“. Доколку се има финансии ќе се обезбеди уште еден весник и тоа „Нова Македонија“.

п) Преку целата 2023 година ќе се врши редовно зачленување

на читателите. Членскиот влог ќе изнесува 200,00 ден на на годишно ниво, 300,00 ден семејна членарина и 100,00 за три месеци.

**Пехчево,2022 година** **Директор**

**Габриела Костадинова**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/32
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево наседницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година бр. 01-790/1 од 06.12.2022 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1629/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година

Јавното комунално претпријатие е субјект кој обезбедува услуги поврзани со вода (водоснабдување, одведување на отпадни води), како и останати комунални услуги (изнесување и депонирање на смет, паркови и зеленило, одржување на градски гробишта, одржување на градскара освета и одржување на јавна чистота).
Јавното претпријатие обезбедува услуга за вода за пиење за 4.027 жители воПехчево, с.Чифлик, с.Умлена и с.Робово, услуга за собирање и одведвување на урабани отпадни води (канализација) на 3.800 жители во Пехчево, с.Робово и с.Умлена и услуга за смет за 5.460 жители воПехчево и сите околни села.

**Основни дејности на претпријатието се:**

1. Снабдување, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;
   - Снабдувањето со вода за пиење подразбира: зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево, с. Робово, Умлена, Чифлик и Негрево;
3. Одржување на канализационна мрежа во Пехчево, с.Чифлик и с. Робово.с,Умлена ;
4. Одржување на градско зеленилоипаркови;
5. Одржување на градско пазариште;
6. Одржување на уличноосветлување;
7. Собирање и депонирање смет од физички и правни лица во Пехчево, Робово, Умлена, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник;
8. Одржување на јавната чистота;
9. Управување со градските гробишта;
10. Зимско одржување, т.е. чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на општина Пехчево;
11. Одржување на депонијата.

ЈКП Комуналец- Пехчево функционално ги извршува на сите активности во тековното работење на динамички и финансиски план.

Техничките одделенија се носители наглавните активности на претпријатието, кои се наведени погоре.

Работата на овие одделенија е обемна и ги опфаќа сите технички активности на претпријатието. Ги има следниве одделенија:

- Одделение са сметководство и финансова оператива;
- Одделение за општо - правни работи и човечки ресурси;
- Одделение за водоснабдителнни објекти;
- Одделение за технички работи и услуги.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето го известува Директорот и одговара за сите актиовности во тековното работење на претпријатието.

Финансиското работење е проследено во одделение за сметководство и финансова оператива. Одделението за сметководство и финансова оператива ги извршува сите активности поврзани со финансиски активности од внес на прочитаните состојбати на водомери, изготвување на фактури за правните лица, директен контакт со корисниците за сите потреби кои претпријатието може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниопт статус и организацијата на претпријатието, како и регулирање на статусот на вработените во претпријатието. И одделението за

сметководство и финансова оператива има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението.

Раководителот на оделението одговара директно пред директорот на претпријатието. Финансиското рабитење се темели на:

- зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
- подобрување на наплатата;
- дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;

Основните појдовни елементи врз кои се заснова изготвувањето на програмата за работа и развој на ЈКП Комуналец за 2023 година се:

- дефинирање на планираниот физички обем на услуги;
- целосно искористување на постоечките капацитети;
- подобрување на услугите кон корисниците;
- технолошки развој и дигитализирање на податоци во тек со современите трендови и реалните потреби на претпријатието.

**1. Снабдување со вода за пиење**

Под систем на водоснабдување на населението со (секогаш) хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење – извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.) и дистрибуција на истата до домаќинства и правни лица.

Во наредната 2023 планираме приклучување на изградените таложници пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи.

Планирано е изработка на пластични пред-таложници и таложници, при што би се намалило количината на примеси од манган и железо во водата и би се поедноставило чистењето т.е одржувањето на истите.

**2. Одржување на водоводна мрежа во општина Пехчево**

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем. Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сирова и преработена вода, кој се протега од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.

Цевоводите се делат на регионални цевоводи (главни доводи), примарна (дистрибутивна), секундарна мрежа и терциерна мрежа (куќни приклучоци).

Во согласност со техничките прописи и одржување на цевоводите се вградуваат воздушни вентили, испусти, мерни уреди, кој со предвидената динамика ќе се вградуваат и во 2023.

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата).

Со цел остварување на овие принципи треба да се настојува следното :

- Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и стамбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на контрола на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционно одржување.
- Редовно читање на состојбите на броилата на водомерите кај корисниците;
- -Редовно (2 пати неделно) испитување (Јавна Здравствена Установа) и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и

благовремено превземање на неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;
- Брзо и организирано отстранување на настанатите дефекти;
- Секојдневно сопствено испитување на испорачаната вода;
- Годишна севкупна задолжителна анализа (радиолошки и хемиски ) од ЈЗУ Скопје;
- Планско работење и испитување на причините за загубите на вода и нивно намалување а воедно и изнаоѓање на средства за промена на примарната водоводна мрежа на Булевар „Равен“;
- испустање на испусти на секои 14 дена, а по потреба и почесто заради прочистување на водата,
- хиперхлорирање на водата 2 пати годишно,перење на водоводната мрежа, дезинфекција на истата,
- Секојдневно испитување на квалитетот на испорачаната вода во лабораторијата во филтер станицата и набавка на опрема за третирање на сировата вода во филтер станицата;
- Набавен е нов индустриски Пх метар,замената е пумпата за хлор,извршена е поправка на електронската табла во Филтер станицата
- Во 2023 година се планира промена на сите главни вентили во мрежата(промена поради дотраеност);
- Замена на оштетени капаци од шахти со нови.5

### 3. Одржување на канализационата мрежа

Под одржување на канализационен систем на градот Пехчево, се подразбираат следните активности:

- Следење и одржување на изградениот фекален и атмосферски (во централното градско подрачје) канализационен систем.Во Пехчево постојат два канализациони колектори, лев и десен и се релативно нови, од ПВЦ цевки, како и дел од секундарните краци се ПВЦ.

Во понатамошното работење ќе биде опфатена целосна замена на канализационите цевки со ПВЦ цевки;

Целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација се проверува и санира барем најмалку еднаш во годината, покрај редовни санации и чистења кога се јави потреба.

Имено така оперативната група за чистење на ревизиони и главните шахти ги контролира и исчисти, ако во нив има талог и слично, а потоа со специјалното возило, пумпа за вода, под притисок се испираат канали и цевки. Исто така оперативната група за чистење на улични сливници ги контролира и чисти уличните сливници, и го транспортира материјалот со трактор и го депонира на депонијаодредена за тоа.

Изградена е канализационата мрежа во с.Чифлик, Робово и дел во с.Умлена на која треба да се приклучат корисниците кои не се приклучени а воедно и редовно одржување на истата од наша страна. Во координација со Општина Пехчево ќе се одржуваат и локалните патишта во општината.

При одржувањето на фекалната канализација ЈКП Комуналец се има соочено со голем број неправилности и потешкотии од различна природа како:

- депонирање на различен градежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- неправилно (диво) вклучување на фекалната канализација;
- недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како: пепел, песок, крпи, отпаден материјал од казаници, зимница, камења и сл;
- оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- оштетување на решетки од улични сливници.

*Одведување на отпадни и атмосферски води ги опфаќаат следните активности:*

- фекалниот канализацонен систем со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- промена на дотраени капаци на шахти,и шахти
- Детоксикација и дератизација на канализационата мрежа (шахти на улици);
- Атмосферскиот канализационен систем во централното градско подрачје со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на Пехчево во природните реципиенти и отворени канали;
- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;
- Вршење на интервенции со рачен алат, чекреци, сајли и пумпа под притисок;
- Отварање постапка за набавка на нова пумпа под притисок;
- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- Приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на дел од канализационата мрежа по речното корито во с.Умлена (крак од Станко Манински до Илија Гајдурински);
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на канализацја во с.Робово.
- Потпишување на договор со Општина Берово и приклучување на филтер станицата за отпадни води во село Смојмирово.

**4. Одржување на паркови и градско зеленило**

Програмата има за цел да ја прикаже состојбата на градското зеленило , видот и обемот на работите, потребен број на работници, вредноста на работите сврзани со одржување на градското зеленило за 2023 година.

Основна задача е одржување на јавните зелени површини со ист интензитет и динамика.

Начинот и интензитетот на одржувањето се менливи елементи кои се во корелација со климатските услови. За`реализација на програмата во предвидениот обем и интензитет, со кои би се гарантирало квалитетно зеленило, постојниот број на работници е недоволен, што се надополнува со вклучување на сезонски ангажирани работници од наша страна.

Интензитетот на извршувањето на предвидените операции (откос, кроење на дрвца, полевање, чистење и кастрење на гранки покрај локалните и регионалните патишта,засадување на сезонско цвеќе,).Календарот и динамиката на извршување, како и потребниот број на извршители зависи од финансиските средства потребни за реализација на програмата и заедничката соработка со Општина Пехчево..

***<u>Преглед на зеленилото во Пехчево</u>***

Влез на Пехчево со 3 парковски парцели кои зафаќаат површина во м$^2$ , и тоа: - Парк на влез во Пехчево, под патот со површина од 4000 м2,

- Парк на влез во Пехчево над пат, 500 м2,
- Парк кај Г.Вазлиска со површина од 1000 м2,
- Парк на расксница кај продавница на „Равна река“ 1000 м2

- Парк кај „Здравен дом“ 4000 м2 ,
- Останати површини 1500 м2 (како зеленило на острови на булевар, зеленили на раскрсница на ул.„К.Медарски“, Зеленило во централното градско подрачје, површини кај „Градско пазариште, залени површини на место тротоари на разни улици во градот и сл.)

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа програма е ЈКП Комуналец, ако дојде до склучување на договор со Општина Пехчево.

Надзор над извршувањето на програмата, согласно Одлука за комунален ред на Општина Пехчево, врши градски орган за комунални работи.

**5. Стопанисување со градско пазариште**

Градското пазариште во Пехчево располага со следниот простор и опрема:

- површина за пазар 1000 $м^2$;
- површина за паркинг 1.000 $м^2$ ;
- метални тезги со кровбр.23
- метални тезги без кров бр.3
- откриен продажен простор500 $м^2$ ;
- продажен простор полиња500 м2;

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на општина Пехчево. Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување. „ЈКП Комуналец“ стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.

Пазарите по меѓусебниот однос помеѓу купувачите и продавачите се разликуваат од супермаркетите, кои во почетокот на 21 век му станаа значителна конкуренција на овој традиционален и многу популарен облик на трговија.

За одржувањето на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците, кое нешто е предвидено и со закон.

Освен за тезги и полиња странките наплаќаат и за месечни резервации.

Според законот за безбедност на храната, трговците и производителите се должни да продаваат проверена и контролирана роба, која може да биде контролирана од инспектор за храна. Целта на овој закон е да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

Поставени се нови контејнери на градскоит пазар , а исто така е поставен и сад за стакло.

**6.Одржување на уличноосветлување**

Одржување на уличното осветлување се состои во:

- Одржување на објектите и инсталациите ;
- Промена на хаварисани сијалици и армарури и промена на сијалици ;
- Поставување на електрични столбови - носачи на арматури на сијалиции на разводна мрежа,

За одредени инвестиционио зафати ќе се скличува посебен договор со нарачателот со посебна предмет пресметка за извршување на бараните активности.

Договорот се склучува во времетраење од една година .

Украсувањето за Новогодишните празници го врши ЈКП Комуналец, со вработени од општината.

**7 Изнесување и депонирање на смет**

ЈКП Комуналец со оваа програма се стреми за имплементација на законската и подзаконската регулатива од оваа област (пред се законот за управување со отпад, и законот за животна средина ) и подобрување на оперативното работење.

За реализација на оваа програма ќе биде задолжено одделението за таа намена кое има добра соработка со корисниците на услугите, и со вршење на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во 2023 година целосно ќе биде покриена територијата на општина Пехчево. Се планира докомплетирање на селата со контејнери и корекции и тампонирање на некои улици за да има пристап возилото за собирање на смет.

Поставени се 9 нови контеењери во централното градсо подрачје за комбиниран отпад ,а исто така се поставени 9 садови за колекција на стакло во соработка со Пакомак . Распоредени на соосдветни локации во Пехчево.

Рапределени се 64 нови контеењери за комунален отпад сразмерно во сите населени места, замена на старите садови со нови-отпочната активност;

Проширување на системот на селективно собирање на отпадна хартија и отпадна пластика (PET) со дополнително распоредување на специјалирани садови;

Во 2023 година се планира да се потпише договор со сериозна компанија за собирање на пластика и хартија и на соодветни локации да се постават садови за колекција,а исто така сме во преговори да набавиме преса за пресување на пластиката,при што ќе се намали габаритот и ќе се олесни транспортот на истата.

Со средства од ЕУ фондовите целиот Источно-плански регион ќе биде доопремен со дефицитарна опрема, во случајот со ЈКП Комуналец ќе има потреба од уште 1 до 2 возила за смет и садови за смет. Возило за смет марка Ивеко веќе е пристигнато и е ставено во вункција.

Се надеваме кон средината на 2023 да профункционира и регионалната депонија.

## 8 Одржување на јавна чистота

Со програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Пехчево во 2023 година се дефинираат: видот и обемот на работата која треба да се извршат во текот на 2023 година како и динамиката и начинот на извршување на работите. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од: Рачно и машинско метење и миење на улиците во централното градско подрачје како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во законот за јавна чистота, празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во центарот на Пехчево.

Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизација за одржување на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следните клучни фактори:

- начинот на одржување на јавната чистота
- пресметката на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата
- димензиите типот и формата на јавните површини, големина
  - Сметот се појавува како:
- *Секојдневен смет:*
  a. отпадоци од возила кои ннастануваат при:превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук, технолошки материјал), собирање на домашен смет, косење на тревни површини;
  b. при интензивни врнежи од дождови: наноси од земја, песок, лисја и др.
  c. загадувања од атмосферата: загадување од чад и прав, индустриски оџаци, гасови од моторни возила;
- *Сезонски смет:*
  a. лисја од дрва, суви гранки и сл.,
  b. песок, ситен камен, кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани;

Во централното подрачје на Општината одржувачите на хигиена ќе вршат рачно метење и празнење на уличните корпи за отпад, со исклучок во зимските периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мразеви.

Динамиката на извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од укажаните потреби, а врз основа на согледувањата на стручните служби на претпријатието или на барање на општинските органи

Планираме набавка во 2023 година на сет колички со потребен алат (се на едно место) за чистење, осовременување на алатот и олеснување на работата на работниците.

## 9 Управување со градски гробишта

Управител на градските гробишта во Пехчево е ЈКП Комуналец, а законот предвидува во иднина и управување со селските гробишта (муслимански и православни).

Претпријатието ги врши следниве услуги: доделување на гробни места, одржување на гробиштата, издавање на одобренија за погреб, водење дневник и регистар на погребани лица.

Гробиштата како добра во општа употреба, уживаат посебна заштита и се користат под услови и начин утврдени со законот за гробишта.

Во 2023 година се планира да се изврши :

- урбанизирање и оградување на новиот дел од гробиштата и ќе почне парцелизација, т.е. изградба (бетонирање) на гробни парцели и патеки,
- уредување на двата влеза на гробиштата со бекатон плочки;
- оградување на делот на новите гробишта од страната на регионалниот пат Берово – Делчево со жица и бетонски столбчиња и поставување на трет влез од истата страна,
- обележување со тампон на патеки и пат во делот на новите гробишта;
- давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за одредување на проектно место за паркинг плац и изградба на капела на градските гробишта;
- давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за изградба на тенда (настрешница) на предниот влез на градските гробишта.

## 10 Зимско одржување

Општина Пехчево и ЈКП Комуналец веќе имаат склучено договор за претстојната сезона за чистење на снег. Во договорот се предвидени: видот и обемот на работите кои треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците и локалните патишта во општина Пехчево, во зимски услови за претстојната 2020/2023 година.

ЈКП организира редовна приправност со потребна опрема, алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови. Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани. Се врши набавка, обезбедување, чување и складирање, како и растурање на сол, ризла, песок и други материјали. Исто така се врши подготовка на возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:

- со сеалка приклучена на трактор врши посипување на сол и песок за отстранување на голомразица од коловозните површини;
- води целосна документација за зимската служба и изготвува распоред на лица за приправност;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

Други учесници вклучени во реализација на програмата:сообраќајна полиција, ЕВН, претпријатија чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (бензинска пумпа, паркинг и сл) превземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразица од овие објекти и простории пред нив, претпријатија, училишта, корисници на деловни згради простории, граѓаните – станари го чистат снегот и голомразицата од тротоари и приодни места пред своите објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, а исчистениот снег се собира пред стамбените и деловните објекти на начин што ќе се обезбеди непречен сообраќај. Коловозните површини за оспособување на ниво на општина се 31.80 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, со точно дефинирани приоритети при одржувањето , а посебно водејќи сметка за критичните точки во општината.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на снежни врнежи до 10 см. (прва состојба на готовност);
- состојба на снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавува потребата од чистење на јавните површини по барање на органите на општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација а по претходен договор со него.

Овие работи се извршуваат надвор од активностите планирани со програмата.

Во 2023 година, ЈКП Комуналец ќе се ангажира и во расчистување на отпадот од јавните површини (градежен шут, земја, гранки и др.) што го оставаат неодговорни и несовесни граѓани кои одлагаат ваков вид на отпад на слободните јавни површини низ општината.

За извршувањето на програмски предвидените задачи ќе бидат користени:
еден трактор,машина ЈЦБ ровокопач, моторна пила, хидрантски црева и гарнитура од соодветен алат (лопати, копачи, гребла, макази за кроење, секири, тесли, клешти, метли, рачни колички, вреќи за складирање на смет и др.

Со оваа програма предвидено е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на општина Пехчево, во вкупна должина од 31.80 км, т.е. асфалтирана површина од 21 кми тампонирана површина (бехатон и травертин) 10.80 м$^3$ – плоштад, кеј и тротоари.

Финансирањето на активностите предвидени со оваа програма ќе се вршат со средства предвидени во Буџетот на општина Пехчево.

Цените за чистење на снегот во зимски услови се утврдени во договорот склучен од ЈКП и Општина Пехчево.

Вкупниот број на интервенции за расчистување на снегот и мразот од улиците, патиштата, тротоарите и др. во зимската сезона 2022/2023 ќе зависи од обемот на снежните врнежи, при што бројот на интервенциите ќе биде соодветно утврден и определен.

**Отпочнати активности**

- Преку проектот GIZ е во завршна фаза на имплементација на нова сметковоствена програма, која ќе ни овозможи побрз и попрегледен пристап до сметковдствено–аналитичките податоци,читање на водомери со соодветна програма инсталирана на мобилен апарат,брзо ,ефикасно и современо работење.
- Отпочната е активмост за изработка на веб страна на претпријатието при што корисниците ќе добиат можност сметките за комуналии да ги плаќаат преку страната, а воедно за сите проблеми активности на претпријатието навремено ќе бидат известуванипреку истата.

- По новиот закон за отпад Општната има обврска да направи договор со колективни постапувачи на отпад од пакување (хартија и пластика). Во пеговори сме со фирма за поставување на садови за селекција на пластика и хартија на неколку локации во градот и населените места.

ЈКП „Комуналец„ – Пехчево
Директор
Борис Поповски

Декември, 2022
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/33 Градоначалник на
26.12.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„-Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година бр. 05-787/1 од 06.12.2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1630/1 Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО

Ул.Јулија Веселинска бр 40   2326 Пехчево Р.С.Македонија

Тел      00389 033 441 159

e-mail  jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари...........................50 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација........................ 7 500 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација.........................3 000 000
4.Приходи од ѓубре од физички лица......................................................2 500 000
5.Приход од ѓубре правни лица ..............................................................1 600 000
6,Приход од одржување на гробишта.........................................................670 000
7.Приход од користење комунална инфраструктура на гробишта..............50 000
8,Приход од продажба на гробно место......................................................200 000
9.Пазаришна такса и резервации.................................................................200 000
10.Приход од извршени услуги за водовод и канализација......................200 000
11.Приход од градежни машини...............................................................400 000
12.Чистење на тротоари и други јавни површини и одржување на паркови и зеленило...........................................................................................................450 000
13.Улично – услуга...........................................................................................30 000
14. Приходи од зимско одржување .............................................................250 000
15, Приход од наплата на Нотарски и Изврршни решенија .......................800 000

[redacted]

**Вкупно планирани приходи = 17 900 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1.Канцелариски матерјали..........................................................................80 000
2.Резервни делови за водовод и канализација.........................................300 000
3.Набавка на хлор.........................................................................................250 000
4.Алуминиум сулфат......................................................................................40 000
5.Вар..................................................................................................................10 000

**Вкупно =680 000,00**

### Трошоци за енергија

1.Електрична енергија.....................................................................................800 000
2.Огревно дрво………………………………………………………...……....80 000
3.Нафта и бензин……………………..…………………………....................1 000 000
4.Уље и сл.………………………………………………………….……………100 000

**Вкупно =1 980 000 ,00**

## Други трошоци

1.Трошок за обештетување по погреб........................................................100 000 2.Трошоци за телефон..........................................................................80 000
3.Трошоци за интернет услуги........................................................................10 000
4. ХТЗ опрема..........................................................................................200 000
5.Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец (договор на дело)...................50 000
6.Трошоци за испитување и анализа на вода............................................130 000
7.Трошоци за компјутерско одржување ........................................................30 000
8.Регистрација на возила и осигурување....................................................100 000
9.Трошоци за членови на Надзорен одбор и У.О......................................100 000
10.Дневници ........................................................................................40 000
11.Репрезентација..................................................................................80 000
12.Прехрамбени производи и сретства за хигиена.......................................30 000
13.Банкарски услуги, ПТТ и карго...................................................................70 000
14.Премии за осигурување на имот...................................................................20 000
15.Камати..........................................................................................100 000
16.Судски такси.........................................................................................20 000
17.Бруто плати...........................................................................9 700 000
18.Амортизација............................................................................1 550 000
19.Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ..............................1 000 000
20.Дреарски и браварски услуги............................... ................................200 000
21.Трошоци за Адвокат и Нотар...................................................................200 000 22.Превентивно одржување на софтвер...................................................110 000
23.Сервис на лада нива и трактор................................................................ 60 000
24. Сервисирање и баждарење на водомери...............................................50 000
25, Сервис на машина JCB .........................................................................150 000
26, Сервис на камион за смет......................................................................100 000
27, Сервис на нов трактор ..........................................................................100 000
28. Трошок за уплати по Спогодби (УЈП, ЈЗУ и Фонд за води)...................600 000
29. Набавка на гуми за возила ....................................................................100 000

**Вкупно =15 080 000,00**

**Вкупно планирани трошоци 17 740 000 .00**

ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ” – Пехчево
ДИРЕКТОР
БОРИС ПОПОВСКИ

_______________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/34
26.12.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година бр. 09 - 788/1 од 06.12.2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-1631/1
26.12.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 75 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019), Директорот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево на ден 06.12.2022 година донесе:

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**За јавни набавки за 2023 година**

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | | | | |
| 1 | Моторни бензини и дизел гориво | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.000.000,00 | Мај | |
| 2 | Канцелариски материјали | 22800000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јануари | |
| 3 | Натриум хипохлорит NaOCl, алуминиум сулфат, хидратна вар за прехрамбена индустрија | 24900000-3 | Стоки | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Јануари | |
| 4 | Моторни масла и антифриз | 09211000-1 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Февруари | |
| 5 | Фасонски делови | 44160000-9 | Стоки | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Јануари | |
| 7 | Прехранбени производи и средства за хигиена | 15000000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 30.000,00 | Февруари | |
| 8 | ХТЗ опрема | 18100000-0 | Стоки | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Мај | |
| 9 | Огревно дрво | 03410000-7 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јули | |
| 10 | Гуми за возила | 34350000-5 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,000 | Март | |
| | II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | | | | |
| 1 | Електрична енергија | 09300000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 800.000,00 | Јануари | |
| 2 | Одржување и сервис на возила (со резервни делови) | 50200000-7 | Услуги | Набавка од мала вредност | 60.000,00 | Февруари | |
| 3 | Услуги од агенција за привремени вработувања | 79000000-4 | Услуги | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Јануари | |
| 4 | Дреарски и заварувачки услуги со | 42660000-0 | Услуги | Набавка од мала | 200.000,00 | Јули | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | материјали | | | вредност | | | |
| 5 | Сервисирање и баждарење на водомери | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 50.000,00 | Мај | |
| 6 | Осигурување на имот и основни средства | 66000000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност | 20.000,00 | Јуни | |
| 7 | Анализа на вода за пиење (мала анализа) | 85140000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 130.000,00 | Февруари | |
| 8 | Сервис на ЈЦБ | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Март | |
| 9 | Редовен сервис на трактор | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Мај | |
| 10 | Сервис на камион за отпад | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Мај | |
| 13 | Регистрација и осигурување на возила | 71631200-2<br>66510000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Март | |
| 14 | Услуги за мобилна, фиксна телефонија и интернет | 6400000-6 | Услуги | Набавка од мала вредност | 180.000,00 | Јануари | За Договор за 2 (две) години |
| 16 | Превентивно одржување на софтвер | 48000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 110.000,00 | Јануари | |
| 17 | Угостителски услуги (репрезентација) | 55520000-1 | Услуги | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Март | |
| | III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи | | | | | | |

ЈКП „Комуналец„-Пехчево
Директор
Борис Поповски_________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/35 Градоначалник на
26.12.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, бр. 01-801/1 од 12.12.2022 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1632/1 Совет на општина Пехчево
26.12.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 19, член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019 и 89/2022), член 14 и член 49 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 12.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево**

Член 1

Во Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 484/1 од 19.12.2012, бр. 01-105/1 од 03.02.2015, 01 - 594/1 од 08.10.2015, 01 - 786/1 од 29.12.2015, 02 - 320/1 од 12.05.2016, 01 - 227/3 од 04.05.2018, 01 - 532/1 од 30.09.2020 година и 02-451/3 од 09.05.2022 година, членот 18 се менува и гласи:

"Со работата на ЈКП "Комуналец" - Пехчево раководи директор.

Директорот го избира односно разрешува градоначалникот на општина Пехчево.

За именување на директор се објавува јавен конкурс во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Градоначалникот на општината три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор.

Во објавениот јавен конкурс се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од градоначалникот на општината и во рок од 8 дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до градоначалникот на општината.

Градоначалникот на општина Пехчево, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од комисијата, донесува одлука за избор на директор.

Ако по распишаниот конкурс не се избере директор, градоначалникот на општина Пехчево, во рок од 5 дена од денот на истекот на рокот од ставот 7 на овој член именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци."

Член 2

Во член 19 став 1 реченицата "За директор на ЈКП може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со закон, треба да ги исполнува и следните посебни услови;" се брише.

Во став 2 алинеја 1 по зборот "Република" се додава зборот "Северна".

Член 3

Во член 23 по зборот "Република" се додава зборот " Северна".

Член 4

Во член 34 став 2 зборовите "Управниот одбор на предлог на" се бришат.

Член 5

Да се подготви пречистен текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

12.12.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за не давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата, што советот на општина Пехчево ја донесе на 12-та седница одржана на ден 26.12.2022 година.

Бр. 09-1635/36<br>26.12.2022 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не давање согласност на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не дава согласност на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата, треба да се прецизира и преформулира и повторно ќе се разгледува на седница на совет.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1633/1<br>26.12.2022 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## С О Д Р Ж И Н А:

**1.** Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година ______________________________________________________________3;
**2.** Заклучок за не утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите ____________________________________________________________ 7;
**3.** Одлука за усвојување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година _______________ 8;
**4.** Одлука за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година ______________ 38;
**5.** Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2023 година ____________________________________________________________ 44;
**6.** Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2023 година ________ 45;
**7.** Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година ____________________________________________________________ 46;
**8.** Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2023 год ___________________________________ 51;
**9.** Заклучок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год _ 53;
**10.** Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2023 година _ 54;
**11.** Заклучок за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2023 година; ________________________________________ 55
**12.** Одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2023 год. _______________________________________ 56;
**13.** Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2023година ________________________________________ 59;
**14.** Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2023 година _______ 60;
**15.** Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2023 година ____________________________________________________________ 61;
**16.** Одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2023 година ____________________________________________________________ 62;
**17.** Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2023 година ______________________________________ 63;
**18.** Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2023 год._64
**19.** Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2023 год ______ 65;
**20.** Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2023 година _____80;
**21.** Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2023 година ______________________________________________________________106;
**22.** Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево ____________________________________________________________ 107;

**23.** Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________________________________________________ 108, 109;

**24.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2022 год _____________________________________________________________ 111;

**25.** Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2023 година _______________________________________________________________ 118;

**26.** Одлука за усвојување на Програма за проекти од обласа на културата на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2023 година ________________________________________ 124;

**27.** Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2023 година _________________________________________________ 127;

**28.** Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен Дом Д-р. Иван Георгиев - Пехчево _______________________________________________ 133;

**29.** Одлука за усвојување на годишен извештај за финансирање на проекти од обласа на културата на општина Пехчево за 2022 година _________________________________ 134;

**30.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2022 година и Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2023 година ___ 142;

**31.** Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2023 година __________________________________________________________ 157;

**32.** Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година ______________________________________________________________________ 167;

**33.** Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година __________________________________________________________ 170;

**34.** Одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево __________________________ 173;

**35.** Заклучок за не давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата ______________________ 176;